- **Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на економските активности врз животната и работна средина.**
- **Поставување на среднонапонски 10 (20) kV кабел, КО Чардаклија, КО Три Чешми, КО Криви дол и КО Сарчиево-Општина Штип ќе овозможи подобрување на инфраструктурните услови во ова подрачје.**
- **Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активностида се утврди економската и**

општествена оправданост за зафаќање на предложената површина на проектниот опфат.

Користење и заштита на земјоделско земјиште

- Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони**. **Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони.**
- При изработка на предметната документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- Дел од трасата на среднонапонскиот 10 (20) kV кабел минува низ поширокатa поширокатa заштитна зона на експлоатациони бунари „Фортуна“, „Штипско Езеро“ и „АРМ“ од каде се водоснабдува градот Штип. При реализацијата на проектот и експлоатација на кабелот да се почитува режимот на заштита во заштитните зони на бунарите дефинирани со „Правилникот за начинот на определување и одржување на заштитни зони околу изворите на вода за пиење“
- За наводнување на обработливите површини во ВП „Средна и Долна Брегалница” изградени се системи за наводнување кои покриваат површина од 25.758 ha. За планскиот период се предвидува во ова водостопанско подрачје да се наводнуваат вкупно 49.069 ha. При изработка на документацијата да се утврди местоположбата на постоечката и планираната инфраструктура за наводнување и одводнување на обработливите површини и соодветно на тоа да се превземат мерки за нивна заштита и непречено функционирање.

Енергетика и енергетска инфраструктура

- Трасата предвидена за поставување на среднонапонски 10(20)kV кабел, во КО Чардаклија, КО Три Чешми, КО Криви дол и КО Сарчиево-Општина Штип се вкрстува со **постојните преносени далноводи: 400kV Штип-Србија и 110kV Штип-Овче Поле заради што при изработка на планските решенија за изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитуваат: “Мрежните правила за пренос на електрична енергија” (Службен лист на РМ бр.303/2021 год.**).
- Трасата предвидена за поставување на среднонапонски 10(20)kV кабел, во КО Чардаклија, КО Три Чешми, КО Криви дол и КО Сарчиево-Општина Штип се вкрстува со постојниот магистрален гасовод од делницата-1 Клечовци-Штип-Неготино заради што при натамошната изработка на урбанистичката и проектна планска документација треба да се почитува “Правилник за техничките услови и нормативи за безбеден транспорт на течни гасови и јагленоводороди со магистрални нафтоводи и гасоводи и со нафтоводи и гасоводи за меѓународен транспорт”. (Сл. весник на СФРЈ бр.64/73).
- Градбата на електроводови за приклучок на **површински соларни и фотоволтаични електрани и нивното користење во електромрежата** ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стаклени гасови.

Урбанизација и мрежа на населби

- **Реализацијата за поставување на среднонапонски 10 (20) kV кабел, КО Чардаклија, КО Три Чешми, КО Криви дол и КО Сарчиево-Општина Штип, ќе предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.**
- Изградбата на водот ќе обезбеди поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Р. Северна Македонија.

Домување

- **Иницијативата за поставување на среднонапонски 10 (20) kV кабел, КО Чардаклија, КО Три Чешми, КО Криви дол и КО Сарчиево-Општина Штип,** е во функција на обезбедување поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Р. Северна Македонија, **со што се овозможува квалитативно и квантитативно подигнување на комуналната опременост на станот како негова основна клетка.**

Јавни функции

- Иницијативата **за поставување на среднонапонски 10 (20) kV кабел, КО Чардаклија, КО Три Чешми, КО Криви дол и КО Сарчиево-Општина Штип,** е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции (локации со намена образование, култура, здравство и спорт и рекреација), што значи дека се исклучени можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Индустрија

- **Со плански и организиран начин на ширење на инфра и супраструктурата и создавањето на други погодни услови за локација на производни капацитети во просторот околу општинските центри и во поширокиот рурален простор, се обезбедуваат основи врз кои може да се очекува остварување на просторната разместеност на индустријата, преку моделот на концентрираната дисперзија**.
- **Поставувањето на среднонапонски 10 (20) kV кабел, КО Чардаклија, КО Три Чешми, КО Криви дол и КО Сарчиево-Општина Штип ќе биде во функција на унапредување на енергетскиот сектор.**

Сообраќајна инфраструктура

- Според Просторниот план на Република Македонија **автопатската и магистрална патна мрежа** релевантна за предметниот простор е:
- **А3** - (Крстосница Требениште-врска со А-2-крстосница Подмоље-Охрид-Косел-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Штип-Кочани-Делчево-граница со Бугарија-граничен премин Рамна Нива), делница Битола-крстосница Кукуречани-граница со Грција-граничен премин Меџитлија-делница Косел-врска со А-3-Охрид-граница со Албанија-граничен премин Љубаништа;
- **А4** - (Граница со Косово-ГП Блаце-крстосница Стенковец-обиколница Скопје-Петровец – Миладиновци - Свети Николе – Штип – Радовиш -Струмица-гр. со Бугарија-ГП Ново Село).
- Релевантен регионален патен правец за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија, влегува во групата на регионални патишта **"Р1"** и е со ознака:
- **Р1204** - (Куманово-врска со А2-Свети Николе-Овче Поле-врска со А3-Кадрифаково-Штип-Софилари-врска со А4)

- **При планирање да се почитува Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).
- Предметната локација се наоѓа во **заштитната зона на карго аеродромот Филип II и спортскиот аеродром Штип.**
- **При изработка на планската документација, од аспект на безебедноста на воздушниот сообраќај, да се почитува заштитната зона на аеродромот, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.**

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

- Трасата предвидена за поставување на среднонапонски 10 (20) kV кабел, КО Чардаклија, КО Три Чешми, КО Криви дол и КО Сарчиево-Општина Штип нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животна средина

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при поставувањето на среднонапонски 10 (20) kV кабел, КО Чардаклија, КО Три Чешми, КО Криви дол и КО Сарчиево-Општина Штип, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените активности, покривање на околниот терен со вегетација и оградувања на нагибите.
- Озеленување на површините во непосредна близина на трасата (со автохтони видови), со цел да се добие разновиден и богат пејзаж во една просторно - естетска и функционална целина.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Помошните и пратечките градежни објекти (магацински објекти за материјали, алати и гориво, и други помошни објекти), кои ќе се користат во фазата на изградба, треба да бидат лоцирани на поголеми растојанија од коритата на водотеците и површините под шуми, квалитетни земјоделски површини, населени места и заштитено и предложено за заштита природно наследство.
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Заштита на природно наследство

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка за поставување на среднонапонски 10 (20) kV кабел, КО Чардаклија, КО Три Чешми, КО Криви дол и КО Сарчиево-Општина Штип., нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**
- Доколку при изработката на предметната документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство

- Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија[2] на подрачјето на катастарските општини Чардаклија, Три Чешми, Криво Дол и Сарчиево има регистрирани и евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.
- При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство - „Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Туризам и организација на туристички простори

- **Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на Брегалнички туристички регион со утврдени 9 туристички зони и 29 туристички локалитети.**
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- **Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за планирање на просторот за поставување на среднонапонски 10 (20) kV кабел, КО Чардаклија, КО Три Чешми, КО Криви дол и КО Сарчиево-Општина Штип, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства.** Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.

[2] **МАНУ Скопје, 1996г.**

- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

- **При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата на предметниот простор за поставување на среднонапонски 10 (20) kV кабел, КО Чардаклија, КО Три Чешми, КО Криви дол и КО Сарчиево-Општина Штип, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.**

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето

Карта бр. 20

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта бр. 22

Легенда:

- Центар на макрорегион
- Центар на микрорегион
- Центри на просторно-функционални единици
- Управа
- Просторно-функц. единици
- Граници на влијанија на макрорегион. центри
- Општински центар

Образование
Средно, Вишо, Високо

Здравствена заштита
2 Секундарна, 3 Терцијална

Оски на развој
- источна
- јужна
- север-југ
- северна
- западна

- Слободна економ.зона
- Автопат
- Магистрален пат
- Регионален пат
- Железничка мрежа
- Воздухоплов. пристан.
- Стопански аеродром
- Спортски аеродром



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта бр. 23

Легенда:

- Изворишта
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани
- Далноводи: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Трафостаници: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Заштита на животната средина

Реонизација и категоризација на просторот за заштита

Карта бр. 24

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини



ПРЕТХОДНО ИЗДАДЕНИ УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОР

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

SPATIAL PLANNING AGENCY

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 79/3, КП 79/4, КП 154, КП 153, КП 152/3, КП 152/1, КП 151/1 и КП 151/2

КО Криви Дол

ОПШТИНА ШТИП

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Тех. бр. Y25621

Скопје, ноември 2021

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 79/3, КП 79/4, КП 154, КП 153, КП 152/3, КП 152/1, КП 151/1 и КП 151/2

КО Криви Дол

ОПШТИНА ШТИП

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Барател: Општина Штип

Тех. бр. Y25621

Раководител на задачата
Валентина Христова Стефановска,д.н.

Координатор:
Срѓан Дурлевиќ, д.ш.и

Помошник раководител на сектор за ИТ и инфраструктура
м-р Соња Георгиева Депинова, д.г.и.

Агенција за планирање на просторот
Директор

_____

м-р Андријана Андреева, д.и.а.

Скопје, ноември 2021

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 79/3, КП 79/4, КП 154, КП 153, КП 152/3, КП 152/1, КП 151/1 и КП 151/2 КО Криви Дол ОПШТИНА ШТИП

На седницата одржана на 11.06.2004 година, Собранието на Република Македонија, го донесе Просторниот план на Република Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Имајќи ја предвид важноста на Просторниот план, со донесувањето на Планот се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/2004).

Со Законот се уредуваат условите начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот.

Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.

Спроведувањето на Планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, како и со урбанистички планови за населените места и друга документација за планирање и уредување на просторот, предвидена со закон. За изготвување и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава решение за услови за планирање на просторот.

Условите за планирање на просторот, според овој Закон, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилог или прилози кои ги прикажуваат решенијата на Планот.

Во конкретниот случај Условите за планирање на просторот се издаваат за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 79/3, КП 79/4, КП 154, КП 153, КП 152/3, КП 152/1, КП 151/1 и КП 151/2 ,КО Криви Дол. Површината на планскиот опфат изнесува 9,82 ha. Планскиот опфат навлегува во заштитната зона на спортскиот аеродром во Штип и заштитната зона на карго аеродромот во Штип.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со **Просторниот план на Република Македонија.**

Основни определби на Просторниот план

Основната **стратешка определба** на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата, како и **обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји.**

Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира **намалување на регионалните диспропорции**, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура. Во инвестиционите одлуки, стриктно се почитуваат локациониte, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво.

Една од основните цели на Просторниот план се однесува на штедење, рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство **и лоцирање на активности на простори врзани со местото на одгледување или искористување.** Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е **заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I - IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.**

Во напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на **унапредувањето и заштитата на животната средина.** Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на

животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

Местоположба на локацијата и ружа на ветрови



Природни и климатски карактеристики

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

Условите за планирање на просторот во КО Криви Дол, Општина Штип. Предметната локација се наоѓа северозападно од населено место Штип на надморска височина од 300м.

Мерната станица е лоцирана во Штип на надморска височина од 326m со координати по Х=41^{0}45' и У= 22^{0}11'. За статистичка обработка е земен период со низ на податоци од јануари-декември 1951 до 2013 год.

Климата иа овој простор е условена од следните услови: реката Брегалница, планината Плачковица и од ветровите.

Просечната годишна температура на воздухот изнесува 13,0^{0}C. Просечен годишен минимум од 11,7^{0}C и просечен годишен максимум од 14,3^{0}C. Најтопол месец е јули со 24,1^{0}C, а најстуден јануари со 1,3^{0}C. Апсолутен максимум на температурата на воздухот е забележан на 24-07-2007 година од 43,5^{0}C, апсолутен минимум на температура на воздухот е забележан на 26-01-1954 година од -22,7^{0}C, апсолутно годишно колебање од 66,2^{0}C. Просечната зимска температуре изнесува 2,6^{0}C, пролетната температура изнесува 12,6^{0}C, летната просечна температура изнесува 23,2^{0}C и просечна средна есенска температура изнесува 13,6^{0}C. Есенските температури се повисоки од пролетните.

Просечен последен пролетен мраз е на 28-03, апсолутен последен пролетен мраз бил на 28-04-1984год. Просечен прв есенски мраз е на 6-11, а апсолутно последен есенски мраз бил на 16-10-1961год. Мразниот период просечно трае 142 дена.

Просечната годишна сума на врнежите изнесува 473,3mm, и тоа најмногу во мај со 56,0mm, а најмалце во февроари 29,8mm, додека апсолутниот максимум на врнежите е забележан на 06-08-2007 година од 77,9mm или l/m^2. Зимскиот период паѓаат просечно 34mm по месец или вкупно за зимскиот период просечно 101,9mm., пролетниот период просечно паѓаат 42,7mm или вкупно за 3, 4, и 5 месец просечно паѓаат 128,2mm, летниот период просечно паѓаат 37,2mm или вкупно за 6, 7 и 8 месец 111,6mm, а во есенскиот период просечно во месеците септември, октомври и ноември паѓаат по 44,3mm или вкупно за сите месеци просекот е 132,9mm. Годишен просек на влажноста на воздухот изнесува 67%. Број на денови со снег годишно има 19, денови со град има 35, годишен број на денови со магла е 12, просечната снежна покривка изнесува 9,7cm. Просечна должина на траење на периодот со снег е 95 дена. Просечен број на ведри денови е 87, просечен број на облачни денови е 194 дена и просечен број на тмурни денови е 84.

Во Штипската котлина најчест ветер е од северозападниот правец кој дува со честина од 196‰, брзина од 3,6m/s и јачина до 10 бофори што е и најсилен ветер заедно со југоисточниот ветар кој е втор по честина од 179‰ и со брзина од 3,8m/s

што е најголема брзина. Ветер со најмала честина е источниот со честина од 18‰, 2,9m/s и јачина од 8 бофори. Честината на време без ветар - тишина е 395‰ што значи дека повеќе од третина од денонокието е без ветар.

Податоците се од мерна станица Штип.

Економски основи на просторниот развој

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на економските дејности во Просторниот план на Република Македонија се темели на дефинираните цели на економскиот развој во "Националната стратегија на економскиот развој", определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на производните и услужни дејности.

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Државата во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори.

Концепцијата на просторната организација на производните и услужни дејности поаѓајќи од објективните фактори, пазарните услови, доминацијата на приватната сопственост во економскиот систем и одлуките на државните и локалните органи, се остварува како комбинација на концентрацијата на стопанството на одделни места и дисперзија во просторот кои се комплементарни приоди во развојот и просторната разместеност на економските дејности.

Со разместувањето на производните и услужни дејности и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е Градот Штип со гравитационо влијание врз планскиот опфат на локацијата за која се наменети Условите за планирање на просторот.

Половите на развој ги формираат оските на развојот детерминирани од географските карактеристики на просторите, т.е. релјефот, теченијата на реките и слично, а во современите текови позначајни се деловните односи, комуникациите, како и изградените инфраструктурни системи и стопански капацитети.

Со Просторниот план на Р Македонија дефинирани се пет оски на развој од кои од кои релевантни за предметната локација се "Јужната" и "Источната развојна оска".

"Јужната развојна оска" која досега ретко е споменувана, но во иднина со ефектуирањето на сите претпоставки за развој, ќе го потврдува своето значење ги поврзува градовите: Струга - Охрид - Ресен - Битола - Прилеп - Кавадарци - Неготино - Штип - Кочани- Делчево и продолжува кон Благоевград во Р Бугарија, а на запад продолжува кон Елбасан во Р Албанија.

"Источната развојна оска", која има добри изгледи да се оформи во источниот дел од Државата ги поврзува градовите: Куманово - Свети Николе - Штип - Радовиш и Струмица. На север еден крак оди кон Р Србија и Црна Гора, а од

Струмица, еден крак води до Петрич во Р Бугарија. Во сегашно време оваа оска е со слаб интензитет, но развојот ќе го зголемува нејзиното значење.

Развојните оски имаат значајна улога во просторната организација, а во прв ред за модернизација на патиштата, за изградбата на далекуводи, гасоводи итн., со што ќе се создадат предуслови за поттикнување на развојот на вкупната економија во Регионот и интегрален просторен развој на Државата.

При спроведувањео на стратегијата за организација и користење на просторот за алокација на производни и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на развојните фактори.

Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на економските активности врз животната и работна средина.

Реализацијата за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Криви Дол, Општина Штип на површина од 9,82 ha ќе биде во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија).

Користење и заштита на земјоделското земјиште

Зачувувањето, заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството, а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено-економска рационалност и оправданост со што ќе се постигнат следните зацртани цели:

- Запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели;
- Зголемување на продуктивната способност на земјоделското земјиште и подобрување на структурата на обработливите површини во функција на поголемо производство на храна;
- Привремено или трајно исклучување од процесот на производство на храна на терените каде концентрацијата на токсични материи од сообраќајни коридори во земјиштето, воздухот и водата се над дозволените норми;
- Рекултивирање и враќање на деградираното земјиште во земјоделска намена со мелиоративни и агротехнички зафати;
- Искористување на компаративните предности и погодности на одделни подрачја и стопанства за повисок степен на финализација и задоволување на потребите на преработувачките капацитети и нивна ориентација кон извоз;

– Обезбедување на материјални и други услови за дефинирање и реализација на програмата за реонизација на земјоделското производство поради рационално искористување на сите природни ресурси, човечки потенцијали и индустриско-преработувачки капацитети.

Согласно просторниот план на Република Македонија просторот на РМ е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони.**

При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Пренамената на земјоделското земјиште се регулира со Законот за земјоделско земјиште. Доколку при изработка на урбанистичко планската документација се зафаќаат нови земјоделски површини, надлежниот орган за одобрување на планските програми веднаш по заверка на истите до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесува барање за согласност за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно.

Водни ресурси и водостопанска инфраструктура

Планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот согласно Просторниот план на Р. Македонија треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Во развојот на водостопанството и водостопанската инфраструктура концептот е насочен кон рационално користење на водата, условено од фактот дека Републиката е сиромашна со вода. Колку водите во одреден простор може да се сметаат за „воден ресурс" зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите од вода за населението, земјоделството, енергетиката, индустријата и за заштитата на живиот свет.

Со Просторниот план на Република Македонија на територијата на Републиката дефинирани се 15 водостопански подрачја (ВП): ВП „Полог", „Скопје", „Треска", „Пчиња", „Среден Вардар", „Горна Брегалница", „Средна и Долна Брегалница", „Пелагонија", „Средна и Долна Црна", „Долен Вардар", „Дојран", „Струмичко Радовишко", „Охридско - Струшко", „Преспа" и „Дебар". Оваа поделба овозможува реално да се согледаат расположивите и потребните количини на вода за одреден регион.

Планскиот опфат на површинските соларни и фотоволтаични електрани, КО Криви Дол, Општина Штип, се наоѓа во водостопанското подрачје (ВП) „Средна и Долна Брегалница" кое го опфаќа сливот на реката Брегалница од браната Калиманци до вливот во реката Вардар. На ова ВП припаѓаат и сливовите на реките: Оризарска, Злетовска, Свети Николска, Осојница, Зрновка, Козјачка и Лакавица.

ВП „Средна и Долна Брегалница" е сиромашно со вода. За сливот на реката Брегалница специфичното истекување мерено кај водомерната станица „Берово" изнесува 11,8 л/сек/км^2, додека на водомерните станици „Очи Пале" изнесува 5,9 л/сек/км^2 и „Штип" изнесува 4,1 л/сек/км^2.

За целосно искористување на потенцијалот на водотеците (хидроенергетски, за водоснабдување на населението и индустријата и за наводнување) во ВП „Долна и Средна Брегалница" изградени се акумулациите Градче на реката Кочанска, Пишица на реката Пишица, Мантово на Лакавица и Мавровица на река Мавровица. За идниот период се предвидува изградба на акумулациите: Јагмулар на реката Брегалница, Речане на Оризарска Река и Баргала на Козјачка Река.

Бидејќи Источниот регион е сиромашен со вода, со Просторниот план на Република Македонија зацртана е изградба на регионален водостопански систем (РВС) „Треска", со кој ќе се зафаќаат води од сливот на реката Треска и ќе се транспортират кон Источна Македонија, односно ќе се покриваат потребите во ВП „Скопје", „Пчиња", „Средна и Долна Брегалница" и „Струмичко Радовишко". Дефинирањето на трасата на овој РВС ќе биде предмет на идна проектно техничка и урбанистичко планска документација.

Просторот на кој се предвидува изградба на површинските соларни и фотоволтаични електрани се наоѓа на обработливо земјиште. При изработката на планската документација да се одреди местоположбата на постоечката и планираната инфраструктура за наводнување и соодветно на тоа да се предвидат мерки за нејзина заштита.

Низ планскиот опфат минува реката Азмак. При изработката на планската документација да се обезбеди заштитен појас покрај водотекот со цел да се обезбеди заштита на објектите од несакани последици при појава на големи води.

Енергетика и енергетска инфраструктура

Од аспект на **енергетиката и енергетската инфраструктура** со Просторниот план на Р.Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Републиката. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство.

Според статистичките податоци последниве години во РС Македонија над 30% од потрошената електрична енергија е од увозно потекло за што се одвојуваат големи девизни средства. Зголемената потрошувачка на енергетски горива ја наметнува потребата од подобрувањето на енергетската ефикасност. Европската регулатива "Европа 2020" за паметен, одржлив и сеопфатен развој предвидува

мерки за намалување на емисиите на издувни гасови, зголемување на користењето на обновливи извори на енергија и зголемување на енергетската ефикасност. Имплементирањето на овие мерки, ќе придонесе за подобра односно поквалитетна иднина за следните генерации, отворање на нови работни места, а истовремено се обезбедуваат услови за одржлив развој. Со рационално искористување на енергетските извори им се овозможува на идните генерации да имаат ресурси за сопствен раст и развој.

Размената на електрична енергија помеѓу балканските електроенергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значајен фактор за натамошниот развој. Електроенергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективни водови кои што нема да преставуваат тесно грло во трансмисија на потребните количини на електрична моќност. Државата досега има 400 kV конективни водови со Грција (кон Солун и Лерин) и Косово (Косово-Б) и кон Бугарија (Црвена Могила) а во план е градбата на вод кон Албанија. Планираната, со Просторниот план на РМ, траса на водот од Скопје5 кон Србија е сменета и изграден е водот Штип-Србија.

Локацијата за **изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани КО Криви Дол, Општина Штип** нема конфликт со постојните и планирани преносни и конективни водови. Така постојниот 110 kV далноводот Велес-Овче Поле-Штип минува на 1,1km североисточно од оваа локација.

Градбата на фотоволтаични електрани од обновливи извори на енергија ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стакленѝчки гасови.

Гасовод

Природниот гас, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во РС Македонија. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, претставува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти и течни горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, заради што аерозагадувањето е сведено на минимум.

Изградениот крак Жидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија-СМакедонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во Републиката и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во државата но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година.

При проширувањето на гасоводниот систем се изгради делницата-1 Клечовци-Штип-Неготино со што се овозможија поволни услови за развој на гасоводната мрежа во овој регион. Трасата на гасоводот од делница-1 Клечовци-Неготино минува на 1,5km источно од оваа локација.

Население

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на **населението**.

Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно-временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач - креатор.

Тргнувајќи од определбата дека **популацискатa политика преку систем на мерки и активности** треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне **оптимализација во користењето на просторот и ресурсите,** хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2002 год. вкупниот број на жители во Општина Штип на чиј простор се наоѓа предметната локација, изнесува 47.796 жители, од кои 41.9% претставува расположива работна сила значаен потенцијал за идниот развој на овој крај.

Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

Урбанизација и мрежа на населби

Урбанизацијата како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република Северна Македонија. Под поимот урбанизација се подразбира во прв ред развој на градовите изразен со порастот на нивното население, социјалните и политички функции и во изградбата и уредување на нивните просторно физички структури. Во поширока смисла урбанизацијата го опфаќа и развојот на руралните населби и простори кој е резултат на промените кои водат кон намалување на разликите помеѓу градот и селото.

Ваквите и слични иницијативи на соодветен начин се вградени во основните цели на урбанизацијата и развој и уредување на населбите, дефинирани во Просторниот план на Р. Македонија.

Една од **целите** согласно ППРМ која треба да се земе во предвид при изработка на **површински соларни и фотоволтаични електрани,** предвидува:

- Планско уредување и екипирање на населбите **со елементи на комунална инфраструктура.**

Од аспект на урбанизацијата при поставувањето на вакви објекти во просторот треба да се обрне внимание на изборот на локации од аспект на заштита на продуктивното земјиште, како и нивно вклопување во постојниот урбан модел на просторот и пејзажното обликување на окружувањето.

Иницијативата за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Криви Дол, Општина Штип, ќе овозможи поефикасно снабдување на населбите со електрична енергија, што е особено значајно за оние кои немаат соодветно, односно квалитетно снабдување. Преку воведување на алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда на необновливи извори на енергија што е еден од основните приоритети во одржливиот развој.

Домување

Основните цели на Просторниот план во областа на домувањето се во функција на оптимална проекција на станбениот простор, а се однесуваат на: обезбедување стан за секое домаќинство, подобрување на станбениот стандард, изградба на адекватна инфраструктура во функција на поквалитетен стандард на домување, асеизмичност во градбата, замена на субстандардниот станбен фонд и изнаоѓање модуси и дефинирање на критериуми за надминување на појавата на бесправна изградба.

Современата технологија, автоматизација и модернизација навлегува во сите пори на современиот живот, па оттаму предизвикува битни трансформации и во станот, кои квалитативно го менуваат традиционалниот тип на домување.

Порастот на животниот стандард и порастот на културата на домувањето доведуваат до постојано зголемување на површината на станот, подобрување на внатрешната организација и распоред, квантитативно и квалитативно подигнување на комуналната опременост на станот.

Во тој контекст, оваа иницијатива за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Криви Дол, Општина Штип, е во функција на обезбедување поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Републиката, со што се овозможува квалитативно и квантитативно подигнување на комуналната опременост на станот.

Јавни функции

Организацијата на јавните функции е директно поврзана со планирањето и уредувањето на населбите и зависи од типот на населбата, нејзиното место и улога во хиерархијата на населбите и соодветното ниво на централитет.

Локацијата за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Криви Дол, Општина Штип, е во функција на развој на стопанските активности и е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Индустрија

Развојот и просторната разместеност на индустријата претставува значаен фактор и движечка сила за поттикнување на развојот на вкупната економија и модернизација на другите области од економскиот и општествениот живот. Ефикасното и успешно спроведување на насоките и определбите за поттикнување на развојот на индустриските дејности и нивно рационално разместување во просторот ги детерминираат позитивните промени и во другите сегменти на економијата: пораст на вработеноста, зголемување на бруто домашниот производ, подобрување на животниот стандард и др.

Со плански и организиран начин на ширење на инфра и супраструктурата и создавањето на други погодни услови за локација на производни капацитети во просторот околу општинските центри и во поширокиот рурален простор, се обезбедуваат основи врз кои може да се очекува да се остварува просторната разместеност на индустријата, преку моделот на концентрираната дисперзија.

Во планскиот период, индустриското производство се очекува да биде застапено во сите општини и да остварува растеж кој ќе придонесе за зголемување на вработувањето, подобрување на условите за живеење на граѓаните на поширокиот простор на земјата.

Реализацијата за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Криви Дол, Општина Штип на површина од 9,82 ha ќе биде во функција на развој на енергетскиот сектор преку производство на енергија од обновливи извори, што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Република Македонија за одржлив развој.

Индустријата која е водечка стопанска дејност и двигател на развојот на вкупната економија има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на “одржлив” развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на производните капацитети засновани на принципите на еколошка заштита.

Сообраќај и врски

Комуникациската мрежа на Република Северна Македонија, сочинета од повеќе комуникациски потсистеми, е етаблирана преку системот за сообраќај и врски врз чија основа, помеѓу другото, се темели и организацијата на просторот на државата. Комуникациските системи во Републиката, кои се од особено значење за развојот на стопанските активности, се очекува да се подобруваат, унапредуваат и да се развиваат во две насоки на развој на комуникациите:

- екстерното поврзување на државата (стратешки коридори);
- интерното поврзување во државата (регионални и локални потреби).

Основа за *екстерното поврзување* на државата се дефинираните комуникациски коридори согласно меѓународните конвенции и препораки, што воедно се и основа за ориентација кон европските и балканските определби за економски и технолошки комуникации, што е од особено значење за извозот.

Основата за *интерното поврзување* во државата односно планирање и развој на патната мрежа на Државата се базира на категоризација на патиштата, на стратешки дефинирани меѓународни коридори за патен сообраќај, на досега изградената европска патна мрежа-ТЕМ со "Е" ознака на патиштата, на досега изградената магистрална и регионална патна мрежа, како и на определбите од долгорочната стратегија за развој.

Мрежата на патишта "Е" ознака што ги дефинира меѓународните коридори за патен сообраќај низ Републиката се: **Е-65, Е-75, Е-850, Е-871**.

1. Според Просторниот план на Република Македонија, автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

- **М-6** - (БГ - Ново Село - Струмица - Радовиш - Штип - М-5; Крак: Струмица - М-1)

Целиот овој регион, покриени е со сигнал на мобилна телефонија на мобилните оператори.

Кабелска електронска комуникациска мрежа - се користи за дистрибуција на јавни електронски комуникациски услуги до крајниот корисник. Пристапниот дел на мрежата е изграден од кабли (од бакарни парици, коаксијални, хибридни коаксијално-оптички и/или оптички) и придружни дистрибутивни и изводни точки: канали, цевки, кабелски окна/шахти, надворешни ормари и др.

Јавната кабелска електронска комуникациска мрежа и придружните средства треба да се планираат, проектираат, поставуваат и градат на начин кој нема да ја попречува работата на другите електронски комуникациски мрежи и придружни средства, како ни обезбедувањето на другите електронски комуникациски услуги.

Изградбата на јавните електронски комуникациски мрежи и придружни средства треба да се обезбеди:

- заштита на човековото здравје и безбедност,
- заштита на работната и животната средина,
- заштита на просторот од непотребни интервенции,
- заштита на инфраструктурата на изградените јавни електронски комуникациски мрежи,
- унапредување на развојот и поттикнување на инвестиции во јавните електронски комуникациски мрежи со воведување на нови технологии и услуги, а особено со воведување на следни генерации на јавни електронски комуникациски мрежи.

АД “Македонски Телекомуникации” и останатите оператори за своите корисници обезбедуваат широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни комуникациони услуги, јавни говорници и др. Комуникациските услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената електронска комуникациска мрежа со примена на најсовремени технологии.

Телефонските корисници во ова подрачје во електронско комуникацискиот сообраќај се приклучени преку телефонската централа во Штип.

Операторите на јавна кабелска електронска комуникациска мрежа треба да обезбедат можност за широкопојасен пристап до услуги (broadband) со големи брзини на: 100% од домаќинствата покриени со мрежата на операторот со можност

за пристап до јавната комуникациска мрежа со брзина на пренос од 30 Mbps и најмалку 50% од домаќинствата покриени со мрежата на операторот со можност за пристап до јавната комуникациска мрежа со брзина на пренос од 100 Mbps.

За новите градби, изградената електронска комуникациска инфраструктура за пренос со големи брзини треба да им овозможи на сите корисници слободен избор на оператор, а на сите оператори пристап до градбите под еднакви и недискриминаторски услови.

Заштита на животната средина

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано на принципите на **одржливиот развој**. Одржувањето на континуитет во следењето на состојбите во медиумите и областите на животната средина, дава претстава за трендот на промени кои настанале во текот на подолг временски период на анализираното подрачје, како основа за планирање и предвидување на промените кои би можело да се очекуваат во животната средина во временската рамка на која се однесува планскиот документ.

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградбата на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) со моќност до 8 MW, КО Три Чешми-вон гр. и КО Чардаклија, Општина Штип, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

Имајќи во предвид дека енергијата на сончевото зрачење претставува најобилен, неисцрпен, бесплатен и обновлив извор на енергија, кој не ја загадува околината, при разработка на влијанијата од фотоволтаичните електрани врз животната средина констатирано е дека истите не создаваат емисии на штетни материи, не трошат гориво и не создаваат бучава. Досегашните научни истражувања посочуваат дека единствено негативно влијание по човековата околина е потребата од зголемена површина на земјиште за нивно инсталирање. При реализација на предвидените активности за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрана треба да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот и количината и режимот на површинските и подземните води.

Доколку при изградбата на површински соларни и фотоволтаични електрани се создаде отпад, создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При **управување со**

отпадот по претходно извршената **селекција**, отпадот треба да биде преработен по пат на **рециклирање**, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија. Создадениот отпад треба да се депонира организирано со контролиран транспортен систем во постојната депонија. Потребно е да се потенцира дека создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Заштита на природното наследство

Од областа на **заштита на природата** *(природното наследство, природните реткости и биолошката и пределската разновидност),* документацијата за предметниот простор треба да се усогласи со Просторниот план на Република Македонија, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата.

Особено внимание при заштита на природата, треба да се посвети на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатибилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- Оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
- Зачувување и обновување на постојната биолошка и пределска разновидност во состојба на природна рамнотежа;
- Обезбедување на одржливо користење на природното наследство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;
- Спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и извршување на дејности, односно обезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата;
- Рационална изградба на инфраструктурата;
- Концентрација и ограничување на изградбата;
- Правилен избор на соодветна локација.

Согласно Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18 и 151/21) и Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) потребно е внесување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот и истите треба строго да се почитуваат.

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка за изградба на површински соларни и фотоволтаични

електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) со моќност до 8 MW, КО Три Чешми-вон гр. и КО Чардаклија, Општина Штип, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

Доколку при изработката на документацијата или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување на природното добро или Просторниот план за подрачје со специјална намена;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;
- Почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територијата на нашата држава, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.

Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија на економски, општествен и просторен развој, односно стратегија за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготви Експертен елаборат за заштита на недвижното културно наследство во кој е даден Инвентар на недвижното културно наследство од посебно значење.

Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра, што подразбира список на недвижните предмети со утврдено својство споменик на културата, односно на недвижните предмети за кои основано се претпоставува дека имаат споменично својство. Тоа се: археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, безистени, кули, саат кули, турбиња, мавзолеи, конаци, мостови, згради, куќи, стари чаршии, стари градски јадра и други

споменици со нивните имиња, локации, блиските населени места, период на настанување и општините во кои се наоѓаат спомениците.

Согласно постоечката законска регулатива, видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменични целини и културни предели.

На подрачјето на катастарската општина Чардаклија која е предмет на анализа има евидентирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат):

1. *Археолошки локалитет "Бунарче", Чардаклија, доцноримски период;*
2. *Археолошки локалитет "Манастирче", Чардаклија, среден век,(13-14 век);*

Во Археолошката карта на Република Македонија, која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје на катастарската општина Чардаклија, евидентирани се следните локалитети:

КО Чардаклија- *Бунарче*, населба од доцноантичко време; *Манастирче,* средновековна црква, во подножјето на ридот Ежово од неговата југоисточна страна има мала височинка на која селаните раскопале темели од мал објект-црквичка од кршен камен и варов малтер.Откопани се и три гроба со конструкции од монолитни камени плочи.

Според Просторниот план на Р.Македонија, најголем број на цели се однесуваат на третманот и заштитата на културното наследство во плановите од пониско ниво.

При изработка на планска документација од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдените *локалитети со културно наследство* и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижното наследство:

- задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивна заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите, како и во вкупниот развој на државата;
- планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно - историска димензија и нивна соодветна презентација;
- измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштитата на недвижното културно наследство.

Културното недвижно наследство во просторните и урбанистички планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационо ткиво на градовите и населените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

Туризам и организација на туристички простори

Туризмот и угостителството со својата основна функција-прифаќање, сместување и истовремено задоволување на голем број разновидни барања и желби на туристите, влијае врз вкупната економија и развојот на одредена средина, а исто така има изразено влијание и врз просторот во кој ја извршува својата дејност. Туризмот со своето мултиплицирано влијание во процесот на стопанисување, посредно и непосредно, ги вклучува и другите гранки и дејности во вкупната понуда на туристичкиот пазар. Ова пред сé, се однесува на угостителството, трговијата, сообраќајот, занаетчиството, здравството и на разни други видови услуги. Исто така, преку туризмот се нудат и се продаваат нематеријални вредности, како што се: разни информации, обичаи, фолклор, забава, спортско-рекреативни активности и слично.

Врз основа на комплексно согледаните природни и создадени услови и ресурси по обем, квалитет, распространетост или уникатност, функционалност, атрактивност и степен на активираност, на територијата на Р. Северна Македонија како посебни целини може да се издвојат следните видови на туристички потенцијали: водените површини, планините, бањите, целините и добрата со природно и културно наследство, транзитните туристички правци, градските населби, ловните подрачја и селата.

Согласно со основните долгорочни цели, концептот и критериумите за развој и организација на туристичката понуда, во Републиката се дефинирани вкупно 10 туристички региони со 54 туристички зони.

Предметната локација припаѓа на Брегалнички туристички регион со утврдени 9 туристички зони и 29 туристички локалитети.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

Согласно Просторниот план на Република Македонија, **предметната локација за која се наменети условите за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 8 MW, КО Три Чешми-вон гр. и КО Чардаклија, Општина Штип, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства.** Тоа се простори кои во случај на војна би се нашле во зафатот на стратегиските насоки на нападот на агресорот. Истовремено тоа се насоки кои се совпаѓаат со природните комуникациски коридори во кои се сконцентрирани најразвиените физички структури и се со најгуста населеност. Оттука во случај на војна во овие простори може да се очекува висок степен на повредливост на физичките структури, луѓето и материјалните добра.

Согласно Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" број 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), **задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување кои опфаќаат урбанистичко-технички и хуманитарни мерки,** а се применуваат во процесот на планирање и уредување на просторот и проектирање и изградба на објектите, на начин кој го уредува Владата со подзаконски акт.

Сеизмичките појави - земјотресите се доминантни природни непогоди во Државата, кои можат да имаат катастрофални последици врз човекот и природата.

Присутни се низ вековите, на десет сеизмички жаришта во земјата или во нејзината поблиска и поширока околина. Земјотресите со умерени магнитуди (M<6,0) можат да предизвикаат сериозни разурнувања, бидејќи традиционално градените објекти, особено во руралните средини, не можат да ги издржат овие земјотреси без значителни оштетувања. Историските податоци покажуваат дека силните земјотреси генерирани на територијата на државата се проследени и со појава на колатерални хазарди (ликвификација, одрони, свлечишта, пукнатини, раседници, померувања), со доминантни одрони и свлечишта, што уште повеќе ги зголемува негативните последици на земјотресите.

Во досегашниот просторен развој на Републиката, природните богатства, географските, морфолошките и другите погодности имале доминантно влијание врз изградбата и уредувањето на нејзината територија, без оглед на присутните сеизмички ризици. Тоа создава конфликтна ситуација во која најголемите градови, најголем број на населението, индустриските капацитети и најзначајните комуникации, како што се коридорите север - југ и исток - запад, се лоцирани во зоните со најголема сеизмичност (интензитет од VII – X степени на МКС -64).

Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот се наоѓа во зона со **VIII степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.**

Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Во инвестиционите проекти треба да се разработат мерките за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природни катастрофи.

Неопходно е перманентно ажурирање на плановите за заштита од елементарни непогоди, кои согласно законските обврски постојат за целата територија на државата, поради присутниот сеизмички хазард, како и изложеноста на други природни катастрофи. Со реализација на наведените приоритети се создаваат реални услови за успешна инженерска превенција и намалување на сеизмичкиот ризик на територијата на целата Држава, односно за ефикасен менаџмент на ефектите и вонредните состојби предизвикани од силните сеизмички сили.

За успешно функционирање **на заштитата од природни и елементарни катастрофи** во процесот на урбанистичко планирање потребно е да се преземат соодветни мерки за **заштита од пожари**, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случај на пожари.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, предметната локација во случај на пожар ќе ја опслужуваат противпожарни единици од **градот Штип.**

Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурацијата на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари.

Заради поуспешна заштита во урбанистички планови се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување

на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари, кои се однесуваат на:

- изворите за снабдување со вода, капацитетите на водоводната мрежа и водоводните објекти кои обезбедуваат доволно количество вода за гаснење на пожари;
- оддалеченоста меѓу зоните предвидени за станбени и јавни објекти и зоните предвидени за индустриски објекти и објекти за специјална намена за сместување лесно запаливи течности, гасови и експлозивни материи;
- широчината, носивоста и проточноста на патиштата со кои ќе се овозможи пристап на противпожарни возила до секој објект и нивно маневрирање за време на гаснење на пожарите.

Заштитата од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативен, оперативен, организационен, технички, образовно-воспитен и пропаганден карактер, кои се уредени со Законот за заштита и спасување, како и Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари.

При појава на природни стихии, како што се **поплавите**, секое организирано општество превзема активни и пасивни мерки за организирана одбрана.

Појавата на **поплави** првенствено е поврзана со природните езера и хидрографската мрежа, но најчестиот вид на поплави и најголемата опасност од нив, сепак, доаѓа од поројните водотеци. Согласно со ова за донесување на брзи, исправни и ефикасни одлуки неопходно е да се располага со:

- однапред разработен план;
- сигурни информации за состојбата во загрозеното подрачје;
- сигурни прогностички информации за очекуваните сосотојби;

Од метеоролошки појави со карактеристики на елементарни непогоди се манифестираат појавата на **град, луњени ветрови и магли**.

Едно од можните и неопходно потребни превентивни мерки за заштита од **техничко - технолошки катастрофи** е планирањето, кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина.

Потребна е доследна примена на основните методолошки постапки за планирање и уредување на просторот:

- оценка на состојбите на природните компоненти на животната средина и степенот на загрозеност од појава на технички катастрофи;
- оценка на оптовареноста на просторот со технолошки системи со одредено ниво на ризик;
- анализа на меѓусебната зависност на природните услови и постојните технолошки системи;
- дефинирање на нивото на постојниот ризик при редовна секојдневна работа на технолошките системи и при појавата на инцидентни случаи;
- процена на загрозеноста на луѓето и материјалните добра;
- утврдување на критериумите за избор на оптимална варијанта на заштита врз основа на проценетиот степен на загрозеност.

Со примена на оваа методолошка постапка може де се очекува остварување на следните основни цели за заштита од техничко-технолошки катастрофи:

- максимално усогласување и користење на просторот од аспект на заштита во рамките на просторните можности;
- вградување на мерките на кои се заснова организацијата на заштита и спасување на човечките животи и материјалните добра од техничко-технолошки катастрофи во определувањето на намената на просторот;
- интегрирање на елементите на загрозеноста на прашањата врзани со заштитата на животната средина.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и поширокатa животна средина постојат три нивоа на преземање на сигурносни, превентивни мерки:

Прво ниво: ги вклучува сите мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси и одбегнување на технолошки катастрофи.

Второ ниво: се однесува на сите мерки кои треба да обезбедат ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти.

Трето ниво: вклучува мерки кои се преземаат за заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи, или последици од пожар и експлозии.

При изработката на плановите од пониско ниво треба да се има предвид следното:

- Потребата од оформување на системот на евиденција и анализа на технолошките акциденти, компатибилен на системот МАРС на Европската унија, како база за евиденција на опасни материјали, присутни во технолошките постројки и можни причини на катастрофи.
- Потребата од предвидување на превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.
- Изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

Во процесот за проценка на влијанието на плановите, стратегиите и програмите врз животната средина и врз здравјето на луѓето (Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина-СОВЖС), покрај проценката на влијанијата се предвидуваат и мерки кои имаат за цел заштита на животната средина од сите можни влијанија и тоа уште во процесот на планирање и донесување одлуки за одредени стратегии, планови и програми, т.е. плански документи. Преку навремено спроведување на постапката за СОВЖС се обезбедува идентификување на

потенцијалните позитивни и негативни влијанија од реализацијата на планскиот документ врз животната средина, а исто така се дефинираат и алтернативи и можни мерки за спречување, намалување и ублажување на негативните влијанија врз сите елементи на животната средина.

СОВЖС се подготвува во согласност со националната легислатива и одредбите од друга релевантна меѓународна легислатива, која е инкорпорирана во националната, во форма на законски и подзаконски акти и Конвенции, кои се ратификувани од страна на РСМ со посебни закони.

Целта на СОВЖС постапката е да се процени дали планскиот документ е во согласност со поставените цели за животна средина на национално и меѓународно ниво. Целите на стратегиската оцена на влијанието врз животната средина се прикажани преку статусот на: населението, социо-економски развој, човековото здравје, воздухот, климатските промени, водата, почвата, природното и културното наследство и материјалните добра.

Најдобро е процесот на стратегиска оцена на влијанието на планскиот документ да се одвива паралелно со развојот на планскиот документ, со цел навремено да се земат во предвид целите на животната средина при дефинирање на целите на самиот плански документ.

Постапката за сратегиска оцена на влијанието врз животната средина се спроведува во неколку фази, од кои првата е ***Утврдување на потреба од спроведување на СОВЖС*** (дали планскиот документ ќе има значителни влијанија врз животната средина) согласно со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз живото и здравјето на луѓето. Оваа фаза претставува изготвување на Одлуката за спроведување или неспроведување на СОВЖС. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со изградбата на површински соларни и фотоволтаични електрани може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија:

- Изградбата на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот. Исто така изградбата на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стакленички гасови.

- Изградбата на површински соларни и фотоволтаични електрани ќе има и негативни влијанија врз животната средина, посебно во фазата на градба на планираните објекти. Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок. Влијанијата кои ќе се јават во фазата на експлоатација се проценуваат како малку значајни, имајќи го во предвид фактот дека фотоволтаичните електрани не создаваат емисии на штетни материи, не трошат гориво и не создаваат бучава. Мерки за заштита од влијанија врз животната средина се наведени во секторската област: заштита на животната средина.
- Поради потребата од зголемена површина на земјиште за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) со моќност до 8 MW, КО Три Чешми-вон гр. и КО Чардаклија, Општина Штип, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандардите за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.
- Низ локацијата за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 8 MW во КО Три Чешми-вон гр. и КО Чардаклија, Општина Штип минува постојниот преносен 110 kV далноводот Штип-Овче Поле. Мерки за заштита се наведени во секторската област: Енергетика и енергетска инфраструктура.
- Предметниот опфат нема конфликт со останатите планирани енергетски водови, радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- Во експлоатациониот период не се очекува значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните содржини со намена фотоволтаични електрани не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето.
- Просторот кој е предмет за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) со моќност до 8 MW, КО Три Чешми-вон гр. и КО Чардаклија, Општина Штип нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство. Доколку при изработка на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно со законската регулатива.

- Во делот за заштита на културното наследство, културното наследство е наведено на ниво на катастарска општина, поради што при изработка на документацијата потребно е да се утврди дали на предметната локација има културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото и да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива.
- За предметниот простор не постои можност за појава на прекугранични влијанија, ниту во фазата на градба, ниту во фазата на експлоатација, поради доволната оддалеченост на предвидениот опфат од границите на Државата.
- Мерки за ублажување на негативните влијанија од евенуални несреќи и хаварии се наведени во секторската област: Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) со моќност до 8 MW, КО Три Чешми-вон гр. и КО Чардаклија, Општина Штип, задолжително да се земат во предвид претходно наведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Усогласување на планската документација со Просторниот план

Сите активности во просторот треба **да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата**, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- градежните објекти важни за Државата;
- капацитетите на туристичката понуда;
- стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- капацитетите за користење на природните ресурси

Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

- намената и користењето на површините;
- **мрежата на инфраструктура;**
- мрежата на населби;
- заштитата на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија).

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
- Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.
- Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.
- Создавање на услови за лоцирање на мали стопански единици.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Условите за планирање на просторот се наменети за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) со моќност до 8 MW на дел од КП 26/2,дел од КП 26/1, КП 23, КП 25, КО Три Чешми-вон гр. и дел од КП 4/1 КО Чардаклија, Општина Штип. Површината на планскиот опфат изнесува 6,5 ha. Планскиот опфат го тангираат:

- Услови за планирање на просторот за изработка на проект за инфраструктура за реконструкција на далекувод ТС Овче Поле -ТС Штип со тех. бр. Y07113.
- Услови за планирање на просторот за изработка на проект за инфраструктура за изградба на автопат на делница (граничен премин со Република Бугарија- Црна Скала), Делчево-Виница-Кочани-Штип-Велес со тех.бр. Y33510.

Во непосредна близина на планскиот опфат има издадено:

- Услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички проект за слободна економска зона Локалитет Три Чешми Општина Штип со тех.бр. Y00207.

Планскиот опфат навлегува во заштитна зона на спортскиот и карго аеродромот во Штип

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со **Просторниот план на Република Македонија.**

При изработка на документацијата за предметниот простор, треба да се имаат предвид следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план:

Економски основи на просторниот развој

- **Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на економските активности врз животната и работна средина.**
- **Изградбата на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Три Чешми вон гр., Општина Штип ќе биде во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија).**

Заштита на земјоделско земјиште

- Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони**. **Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони.**
- При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- Површинските води се најзначајни за подмирување на потребите од вода, но нивната распределба на територијата на Републиката е нерамномерно. Потенцијалот на површинските води е диктиран од појавата, траењето и интензитетот на врнежите. Поради морфолошката, хидрогеолошката и хидрографската структура на просторот врнежите брзо се концентрираат во речната мрежа и истекуваат. Богатството на вода се изразува и преку површинското истекување кое за сливните подрачја во Републиката има највисока вредност од 26,2 л/сек/км^2 за реката Радика. Источниот регион на Републиката е сиромашен со вода, специфичното истекување за сливот на реката Брегалница изнесува од 11,8 л/сек/км^2 кај мерното место „Берово“, додека на водомерните станици „Очи Пале” изнесува 5,9 л/сек/км^2 и „Штип” изнесува 4,1 л/сек/км^2. Изградбата на површинските соларни и фотоволтаични електрани каде ќе се користи обновлив извор на енергија за производство на електрична енергија, во подрачје кое е сиромашно со хидроенергетски потенцијал, ќе допринесе за подобрување на енергетската покриеност на регионот во согласност со принципите на еколошко и одржливо искористување на природните ресурси.

Енергетика и енергетска инфраструктура

- Низ **локацијата за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 8 MW во КО Три Чешми-вон гр. и КО Чардаклија, Општина Штип минува постојниот преносен 110 kV далноводот Штип-Овче Поле заради што при изработка на планските решенија за изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитуваат**: “Мрежните правила за пренос на електрична енергија” (Службен лист на РМ бр.303/2021 год.).

- Локацијата за **изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Три Чешми-вон град, Општина Штип** нема конфликт со останатите постојни и планирани енергетски водови.
- Градбата на **површински соларни и фотоволтаични електрани** ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стакленѝчки гасови.

Урбанизација и мрежа на населби

- **Иницијативата за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Три Чешми-вон гр. и КО Чардаклија, Општина Штип, ќе овозможи поефикасно снабдување на населбите со електрична енергија, што е особено значајно за оние кои немаат соодветно, односно квалитетно снабдување. Преку воведување на алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда на необновливи извори на енергија што е еден од основните приоритети во одржливиот развој.**

Домување

- **Иницијативата за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Три Чешми-вон гр. и КО Чардаклија, Општина Штип, е во функција на обезбедување поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Републиката, со што се овозможува квалитативно и квантитативно подигнување на комуналната опременост на станот.**

Јавни функции

- **Локацијата за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Три Чешми-вон гр. и КО Чардаклија, Општина Штип, е во функција на развој на стопанските активности и е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.**

Индустрија

- **Со плански и организиран начин на ширење на инфра и супраструктурата и создавањето на други погодни услови за локација на производни капацитети во просторот околу општинските центри и во поширокиот рурален простор, се обезбедуваат основи врз кои може да се очекува да се остварува просторната разместеност на индустријата, преку моделот на концентрираната дисперзија.**
- **Реализацијата за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Три Чешми вон гр., Општина Штип, ќе биде во функција на развој на енергетскиот сектор преку производство на енергија од обновливи извори, што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Република Македонија за одржлив развој.**

Сообраќајна инфраструктура

- Според Просторниот план на Република Македонија **автопатската и магистрална патна мрежа** релевантна за предметниот простор е:
- **А3** - Крстосница Требениште-врска со А-2-крстосница Подмоље-Охрид-Косел-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Штип-Кочани-Делчево-граница со Бугарија-граничен премин Рамна Нива, делница Битола-крстосница Кукуречани-граница со Грција-граничен премин Мецитлија-делница Косел-врска со А-3-Охрид-граница со Албанија-граничен премин Љубаништа.
- Релевантен регионален патен правец за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија, влегува во групата на **регионални патишта "Р1"** и е со ознака:
- **Р1204** - (Куманово-врска со А2-Свети Николе-Овче Поле-врска со А3-Кадрифаково-Штип-Софилари-врска со А4)
- **При планирање да се почитува Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).
- **При изработка на планската документација од аспект на безебедноста на воздушниот сообраќај да се почитуваат важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.**
- Предметната локација се наоѓа во **заштитната зона на карго аеродромот Штип и спортски аеродром Штип.**

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

- Локацијата за **изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 8 MW во КО Три Чешми-вон гр. и КО Чардаклија, Општина Штип** нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животна средина

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградбата на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) со моќност до 8 MW, КО Три Чешми-вон гр. и КО Чардаклија, Општина Штип, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.

- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија.
- Евентуалниот отпад што може да се формира во тек на изградбата и експлоатационот период треба да се депонира организирано со контролиран транспортен систем во постојната депонија.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Заштита на природно наследство

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) со моќност до 8 MW, КО Три Чешми-вон гр. и КО Чардаклија, Општина Штип, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**
- Доколку при изработка на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство

- Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија1 на подрачјето на катастарската општина Чардаклија има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети .
- При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со

[1] **МАНУ Скопје, 1996г.**

постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство - „Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Развој на туризмот

- Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на **Брегалнички туристички регион со утврдени 9 туристички зони и 29 туристички локалитети.**
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- **Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 8 MW, КО Три Чешми-вон гр. и КО Чардаклија, Општина Штип, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства.** Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

- **При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) со моќност до 8 MW, КО Три Чешми-вон гр. и КО Чардаклија, Општина Штип, задолжително да се земат во предвид претходно наведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.**

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето

Карта бр. 20

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта бр. 22

Легенда:

- Центар на макрорегион
- Центар на микрорегион
- Центри на просторно-функционални единици
- Управа
- Просторно-функц. единици
- Граници на влијанија на макрорегион. центри
- Општински центар

Образование
Средно, Вишо, Високо

Здравствена заштита
2 Секундарна, 3 Терцијална

Оски на развој
- источна
- јужна
- север-југ
- северна
- западна

- Слободна економ.зона
- Автопат
- Магистрален пат
- Регионален пат
- Железничка мрежа
За изградба на магистрални нафтоводи, гасоводи и продуктоводи можат да се употребат само челични цевки од јаглеродни или нисколегирани челици со димензии и по квалитет што одговара за транспорт на нафта, продукти на нафта или гас. Избор на цевките и на материјалот за цевки мора да се изврши според важечките нормативи и стандарди, така што да се одржи структуралниот интегритет на цевоводот под температура и под други услови што можат да се предвидат, да се обезбеди отпорност на мате-

ријалот на медиумот што се транспортира и да се обезбеди херметичност и еластичност на системот.

За нафтоводи, гасоводи и продуктоводи мораат да се употребуваат исклучително стандардни челични цевни елементи, како што се: колена, лакови, Т-парчиња, премини, капи и други елементи за челно и бочно заварување на цевките, изработени од ист или соодветен материјал. Притисокот на разорување на цевниот елемент мора да биде поголем од притисокот на разорување на цевката со која е споен елементот.

Покрај стандардните елементи од став 2 на овој член во цевоводот можат да се вградуваат лакови изработени со ладно свиткување на цевка, со тоа што не е дозволено вградување на збрчкани или сплескани лакови.

Член 23

Дебелината на ѕидот на цевките за нафтоводи, гасоводи и продуктоводи мора да биде таква што цевката покрај внатрешниот притисок на нафтата, продуктите на нафта односно гас, да може да ги издржи и сите надворешни оптоварувања на кои е изложена, ако тие не се на соодветен начин отстранети.

Цевките на нафтоводите, гасоводите и продуктоводите мораат да бидат на соодветен начин заштитени од надворешни оптоварувања и топлотни влијанија, така што да е овозможена нивна дилатација.

Член 24

Сметковниот притисок се пресметува според следната равенка: $P = \frac{20 \times k \times t}{D \times s} \times V \times T$

каде што е:

P = сметковен притисок (bar);

k = минимална граница на развлекувањето ($N/mm^2 = MPa$);

D = надворешен пречник на цевката (mm);

t = дебелина на ѕидот на цевката (mm);

s = коефициент на сигурност

$= \frac{\text{(минимална граница на развлекувањето}}{\text{(максимално дозволено периферисko напрегање)}}$

V = фактор на надолжниот и спиралниот вар (задолжително = 1);

T = фактор температура.

Додатокот на дебелината на ѕидот на цевката, што се додава заради преземање на надворешните оптоварувања, не смее да се зема во равенката за пресметување на сметковниот притисок.

При определувањето на сметковниот притисок за нафтоводите и продуктоводите треба да се изврши пресметка на хидрауличниот удар.

Член 25

Коефициентот на сигурност s од член 24 на овој правилник мора да се земе за пресметување на сметковниот притисок за одделни појаси на цевоводот и изнесува:

Појаси на цевоводот	Гасоводи	Нафтоводи и продуктоводи
За појас од I разред	1,4	1,4
За појас од II разред	1,7	1,4
За појас од III разред	2,0	1,4
За појас од IV разред	2,5	1,4
За заштитен појас на населени згради	2,5	2,5

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член коефициентот на сигурност s мора да се зема за пресметување на сметковниот притисок во следните вредности:

1,7 – за гасоводи што минуваат под локални патишта, со вградена заштитна цевка и без неа во појаси од I и II разред;
– за нафтоводи и продуктоводи кога поминуваат под сите сообраќајници, освен под железнички пруги, во појаси од сите разреди;
– при паралелно водење на гасоводи покрај сообраќајници во појаси од I и II разред;
– при паралелно водење на нафтоводи и продуктоводи покрај сообраќајници во појаси од сите разреди;

2,0 – за гасоводи што поминуваат под регионални и магистрални патишта, освен автопатишта, со вградена заштитна цевка и без неа во појаси од I, II и III разред;
– за гасоводи, нафтоводи и продуктоводи што поминуваат под реки и канали, во појаси од I, II и III разред;
– за делови на гасоводи кај надземни премини, паралелно надземно водење со сообраќајници и за сите видови гасни станици, во појаси од I, II и III разред;
– за нафтоводи и продуктоводи што поминуваат низ карстни подрачја;
– за нафтоводи, гасоводи и продуктоводи што поминуваат низ заштитни зони на црпилишта на вода за пиење;
– за нафтоводи и продуктоводи што поминуваат под железнички пруги во должина од 20 m, сметајќи од оската на крајниот колосек;

2,5 – за гасоводи што поминуваат под автопатишта, со заштитна цевка и без неа, во појаси од сите разреди;
– за гасоводи што помин ваат под железнички п ги, во појаси од сите разреди;
– за гасоводи што поминуваат под која и да е сообраќајница, во појас од IV разред;
– за сите надземни делови на гасоводи и гасни станици, во појас од IV разред;
– за премини на нафтоводи, гасоводи и продуктоводи преку водотоци и канали, ако се поставуваат на друмски и железнички мостови, во појаси од сите разреди.

При поминување на нафтовод, гасовод и продуктовод преку поголеми наклони на теренот мора да се изработи посебна пресметка на сите сили што дејствуваат врз цевоводот и да се предвиди анкерирање на цевоводите, а при поминување преку лизгав терен мора, врз основа на геолошко испитување на земјиштето, да се изврши санација на лизгалиштето и да се изработи детален проект за вградување на цевоводот.

Член 26

При пресметувањето на сметковниот притисок, за факторот температура на нафтата (T), на продуктите на нафта или на гас се земаат следните вредности, и тоа:

Температура на нафтата или гасот	Фактор температура (T)
до 120°C	1,000
– од 120°C до 150 °C	0,965
– од 150°C до 175°C	0,935
– од 175°C до 200°C	0,905
– од 200°C до 225°C	0,875

Член 27

Ако нафтоводот, гасоводот и продуктоводот поминуваат во близина на други објекти или се паралелни со тие објекти, растојанието не смее да биде:

– помало од 5 m, од регионални и локални патишта, сметајќи од надворешниот раб на патниот појас;

– помало од 10 m, од магистрални патишта, сметајќи од надворешниот раб на патниот појас;
– помало од 20 m, од автопатишта, сметајќи од надворешниот раб на патниот појас;
– помало од 20 m, од железничка пруга, сметајќи од границата на пружниот појас;
– помало од 30 m, од надземни делови на цевоводи, сметајќи од надворешниот раб на патниот појас односно од границата на пружниот појас, освен ако цевоводот е поставен на друмски или железнички мост;
– помало од 15 m, од индустриски колосеци, сметајќи од оската на крајниот колосек;
– помало од 1 m (мерено хоризонтално), од градежни објекти, сметајќи од темелите на објектот, под услов да не се загрозува стабилноста на објектот;
– помало од 50 cm, од други подземни инсталации и мелиорациони објекти, сметајќи од надворешниот раб на цевоводот до надворешниот раб на инсталацијата или објектот;
– помало од 10 m, од регулирани водотоци и канали, сметајќи од ножето на насипот.

Ако цевоводот поминува во близина на нерегулирани водотеци, бунари, извори и изворишни подрачја, како и ако е паралелен со водотоци, потребно е да се прибави согласност од организациите и органите надлежни за работи на водостопанството, а ако поминува во близина на електроенергетски постројки и водови, растојанието мора да биде во согласност со нормативите пропишани во соодветните југословенски стандарди.

Член 28

Изградба на премини на нафтоводи, гасоводи и продуктоводи преку железничка пруга и железнички мост не е дозволена, освен во посебни случаи во кои мора да се прибави посебна согласност од надлежните органи или организации на здружен труд кои управуваат со пругата или мостот.

Член 29

Ако цевоводот се поставува под сообраќајница, со прокопување на таа сообраќајница, тој се положува без заштитна цевка, со двојна антикорозиона изолација која мора да се изведе за 10 m, десно и лево, сметајќи од надворешниот раб на патниот појас. Под електрифицирани железнички пруги мора да биде изработена двојна изолација на цевоводот во должина од 50 m лево или десно, сметајќи од границата на пружниот појас. Во ровот под сообраќајницата, цевоводот без заштитна цевка мора да биде положен во постилка од ситен песок дебела најмалку 15 cm околу цевката. Дебелината на ѕидот на цевката на цевоводот мора да биде пресметана на сите надворешни сили до чие дејство може да дојде.

Ако цевоводот се поставува под сообраќајница со дупчење на ров под таа сообраќајница, мора да се употреби заштитна цевка со соодветна цврстина и со пречник кој е најмалку за 100 mm поголем од надворешниот пречник на цевоводот.

Должината на заштитната цевка на цевоводот под сообраќајница кај јавни патишта мора да биде поголема од широчината на коловозот за по 1 m од едната и од другата страна, сметајќи од надворешниот раб на патниот појас, а кај железничка пруга должината на заштитната цевка мора да биде поголема од широчината на пругата за по 5 m и од едната и од другата страна, сметајќи од оската на крајниот колосек, односно за по 1 m, сметајќи од ножето на насипот.

Член 30

Заштитните цевки што се поставуваат заради преземање на надворешните оптоварувања мораат да се пресметаат на цврстина според максималното оптоварување што е можно на тој дел од сообраќајницата.

Цевоводот во заштитната цевка мора да се вовлече така што да не се оштети неговата антикорозиона изолација и мора да биде поставен на изолирани подлошки заради спроведување на катодна заштита.

Краевите на заштитната цевка мораат да бидат затворени.

Во заштитната цевка, на едниот или на обата краја, мора да се вгради контролна цевка со пречник од најмалку 50 mm, заради контролирање на евентуалното пропуштање на гас во меѓупросторот на заштитната цевка и гасоводот.

Контролните цевки на цевоводот мораат да бидат извлечени надвор од патниот појас на растојание најмалку 5 m од работ на крајната коловозна лента односно надвор од пружниот појас – на растојание најмалку 10 m од оската на крајниот колосек, со отвори свртени надолу и поставени на височина од 2 m над површината на почвата.

Член 31

При вкрстување на нафтоводи, гасоводи и продуктоводи со сообраќајници, водотоци и канали, аголот меѓу оската на цевоводот и оската на пречката мора да изнесува меѓу 90° и 60°. За да се изведе вкрстување под агол помал од 60° мора да се прибави согласност од надлежните органи. При вкрстување со железничка пруга не е дозволен агол помал од 60°.

Минималната длабочина на вкопувањето на цевоводот, мерена од горниот раб на цевоводот, мора да изнесува, и тоа:

Појас на цевоводот	Минимална длабочина на вкопувањето	
	А	Б
во појас од I разред	80 cm	50 cm
во појас од II, III и IV разред	100 cm	60 cm
во заштитен појас на населени згради	110 cm	90 cm

Минималната длабочина на вкопувањето на цевоводот, мерена од горниот раб на цевката, при совладување на пречка, мора да изнесува, и тоа:

Појас на цевоводот	Минимална длабочина на вкопувањето	
	А	Б
– од дното на одводни ископи на сообраќајници	100 cm	60 cm
– од дното на регулирани корита на водени текови	100 cm	50 cm
– од горниот раб на патот	135 cm	135 cm
– од горниот раб на прагот на железничка пруга	150 cm	150 cm
– од горниот раб на прагот на индустриски колосек	100 cm	100 cm
– од дното на нерегулирани корита на водени текови	150 cm	100 cm

За подрачјата на кои се планира мелиорациона мрежа мораат да се прибават услови од корисниците на обработливите површини.

Вредностите дадени во колоната „Б" се применуваат на теренте на кои за изработка на ров е потребен експлозив, а за сите други терени се применуваат вредностите дадени во колоната „А".

Член 32

При проектирањето и изведувањето на цевовод мора да се води сметка за тоа цевоводот да биде доволно еласт-

тичен за да може да ги преземе топлотните напрегања што можат да се јават во цевоводот и во неговите делови, и да овозможи слободна дилатација на цевката.

Член 33

За нафтоводи, гасоводи и продуктоводи мораат да се употребат челични затворачки органи (вентили, славини, чибери, затворачи и сл.), прирабници и прирабнички споеви, кои според конструкцијата и квалитетот на материјалот се наменети за транспорт на нафта и гас, а се изработени според соодветни нормативи и стандарди.

Ако затворачките органи се вградуваат под земја, мораат да се спојат со цевоводот со заварување. Ако во подземен цевовод се вградуваат затворачки органи со прирабнички споеви, мораат да се постават во бетонско окно со доволни димензии за да може да се врши контрола и ракување со тој затворачки орган.

Затворачките органи вградени под земја мораат да бидат опремени со продолжено вретено со доволна должина за рачката или редукторот за ракување да биде на височина од 80 sm над површината на теренот.

Член 34

Затворачките органи што треба за време на погонот да се подмачкуваат мораат да бидат вградени така што сите мачкалки лесно да се достапни. Кај подземно вградените затворачки органи мачкалките мораат да бидат извлечени над земјата и со затворачките органи споени со челични цевки со висок притисок што се прицврстени на продолжението на вретеното.

Член 35

Подземниот и надземниот цевовод, на местото на спојување со друг цевовод, како и на местото на излегување на цевоводот на површината на почвата, мораат да имаат цврста потпирка за да се спречи поместување на приклучокот.

Потпирката на надземниот цевовод мора да биде изработена од негорлив материјал и изведена така што да обезбедува слободно истегање на цевоводот.

Член 36

Заради преземање на дилатациите на цевоводот што можат да настанат поради топлотни влијанија, во цевоводот мораат да се вградат еластични елементи (лири) или цевоводот мора да биде положен така што со својата еластичност да може да ги преземе издолжувањата односно скратувањата на цевоводот.

Напрегањето во материјалот на цевката не смее да ја преминува дозволената граница на напрегање за одделен разред на појаси, а кај надземното изведување на гасоводот, цевоводот мора да се пресмета на извивање и свиткување.

На гасоводите е забрането употреба на лизгави компензатори со затиначи.

Член 37

Цевките и нивните елементи за приклучување на инструментите мораат да бидат изработени од материјали што можат да го издржат максималниот работен притисок и температура на цевоводот.

Споевите на цевките, како и споевите на цевките и на нивните елементи за приклучување на инструментите мораат да бидат изведени на начин што одговара на максималниот работен притисок и температури.

Деловите на цевоводот за приклучување на инструментите во кои може да се појави вода или кондензат мораат со греење или на некој друг соодветен начин да бидат заштитени од замрзнување и мораат да бидат опремени со елементи за испуштање на течност.

Ако гасот содржи прашина, инструменталните и импулсните водови мораат да бидат опремени со погоден филтер за прашина.

Цевките и нивните елементи за приклучување на регулаторот и вентилот на сигурност мораат да бидат така изведени и заштитени да не дојде до оштетувања кои би го оневозможиле дејството на тие уреди и би дозволиле пречекорување на работниот притисок.

Член 38

Гасоводот кој е споен со извор на гас на начин што овозможува притисокот во гасоводот да го премине максималниот работен притисок поради грешка во системот на регулација, мора да биде опремен со вентил на сигурност, со издувен систем изведен надвор од просторијата во слободна атмосфера.

Вентилот на сигурност од став 1 на овој член кој спречува пречекорување на максималниот работен притисок во гасоводот, мора да биде со соодветен капацитет и дотеран така што притисокот во гасоводот да не може да порасне повеќе од:

– 50% од максималниот работен притисок кој изнесува до 0,5 bar

– 0,5 bar од максималниот работен притисок кој изнесува од 0,5 до 3 bar

– 15% од максималниот работен притисок кој изнесува од 3 до 60 bar

– 10% од максималниот работен притисок кој изнесува повеќе од 60 bar

и да не биде поголем од притисокот кој би предизвикал периферисko напрегање на цевката поголемо од 75% од минималната граница на развлекувањето.

2. Помошни надземни резервоари

Член 39

Конструкцијата на помошните надземни метални резервоари мора да биде во согласност со важечките прописи за челични конструкции и надземни резервоари.

Член 40

Обвивките на помошните надземни резервоари мораат да бидат непропустливи и постојани на складираните течности и на нивните пареи во резервоарот и изградени од материјал отпорен на механички и термички напрегања, како и на хемиски дејствувања што можат да се појават при употребата на резервоарот. За изградба на обвивката се употребува челик или друг материјал кој е постојан на дејствувањето на складираната течност.

Член 41

Темелите на помошниот надземен резервоар мораат да бидат изведени во согласност со прописите за градежното фундирање, така што да се оневозможи нерамномерно слегање на резервоарот.

Член 42

Потпорниците на резервоарот мораат да бидат од бетон, тула или челик заштитен од дејствување на високи температури (отпорност против пожар предвидена најмалку за 2 часа) и корозија, и мораат да бидат поставени врз темели заради спречување на нивно навалување или поместување.

Член 43

Заради прифаќање на случајно испуштени запални течности и заради заштита на околното земјиште, водени текови, патишта и други објекти, околу резервоарот мораат да се изградат заштитни базени. Наместо заштитен базен може да се изгради дренажен систем, ако тоа го одобри надлежниот републички односно покраински орган.

Член 44

Зафатнината на заштитниот базен, кој опфаќа само еден резервоар, мора да биде еднаква на најголемото дозволено полнење на резервоарот.

Член 45

Ако заштитниот базен опфаќа повеќе од еден резервоар, неговата зафатнина се добива кога од вкупната зафатнина на сите резервоари ќе се одземе зафатнината на резервоарот под горниот раб на насипот или ѕидот, не сметајќи ја зафатнината на најголемиот резервоар.

Член 46

Заштитниот базен во кој се сместени два или повеќе резервоара со ослабен спој меѓу покривниот лим и обвивката, во кои се складира сурова нафта и продукти на нафта, мора да биде со преградни ѕидови и дренажни канали поделен така што секој резервоар со зафатнина поголема од 1.500 m³ или група резервоари со вкупна зафатнина до 2.500 m³ да биде во еден преграден дел, со тоа што зафатнината на кој и да е резервоар односно група резервоари да не биде поголема од 1.500 m³.

Член 47

Заштитниот базен во кој се сместени два или повеќе резервоара за складирање на сурова нафта и продукти на нафта, а на кој не се однесуваат одредбите на член 46 од овој правилник, мора да биде поделен со преградни ѕидови и дренажни канали така што секој резервоар со зафатнина поголема од 350 m³ или група резервоари со вкупна зафатнина од 500 m³ да биде во еден преграден дел, со тоа што зафатнината на кој и да е резервоар односно група резервоари да не биде поголема од 350 m³.

Член 48

Внатрешната површина на заштитниот базен мора да биде изградена од непропустлив материјал, а ѕидовите мораат бидат изработени така што да поднесат полн хидростатички притисок.

Член 49

Ѕидовите на заштитниот базен не смеат да имаат отвори, освен за цевоводите, со тоа што просторот меѓу ѕидовите на базенот и цевоводот да биде исполнет со материјал постојан на висока температура. Ѕидовите на заштитниот базен мораат да бидат оддалечени најмалку 5 m од другите постројки на нафтоводот.

Член 50

Резервоарите, зависно од типот, мораат да имаат опрема, и тоа:

1) издишно луле;
2) издишен вентил;
3) сигурносен вентил;
4) сигурносна издишка;
5) запирач на пламен;
6) покажувач на нивото на течноста;
7) приклучоци за полнење и празнење на резервоарот;
8) уреди за осигурување од преполнување на резервоарот;
9) отвори за влегување на лица во резервоарот заради преглед и чистење;
10) приклучок со вентил за испуштање на талогот;
11) отвор со капак за мерење на нивото на течноста и земање изводоци.

Атмосферскиот резервоар за складирање на сурова нафта и нафтени производи од група I и II мора да има издишен вентил со запирач на пламен.

Резервоарот со низок притисок за складирање на сурова нафта и нафтени производи од група I и II мора да има сигурносен вентил.

Атмосферскиот резервоар за складирање на сурова нафта и нафтени производи од група IIIA мора да има издишно луле.

Член 51

Заради заштита од пречекорување на дозволениот притисок кој може да настане поради пожар, резервоарот мора да има сигурносна издишка односно мора да биде конструиран така што да има ослабен спој меѓу покривниот лим и обвивката односно некоја друга одобрена конструкција на издишка.;

Член 52

За да се спречи создавање на натпритисок или потпритисок за време на полнењето или празнењето на резервоарот, како и поради промена на надворешната температура, резервоарот мора да има издишно луле и издишен вентил.

Член 53

Димензиите на приклучокот на издишното луле и издишниот вентил мораат да одговараат на максималните количини на полнење или празнење на резервоарот, со тоа што нивните номинални внатрешни пречници не смеат да бидат помали од 32 mm.

Член 54

Ако атмосферски резервоар или резервоар со низок притисок има повеќе од еден приклучок за полнење односно празнење, капацитетот на издишното луле, издишниот вентил односно сигурносниот вентил, се определува според најголемиот предвиден истовремен протек на нафта или нафтени продукти.

Член 55

Резервоарот за складирање на сурова нафта и нафтени производи од група I мора да биде опремен со сигурносни уреди (сигурносен вентил, издишен вентил и сигурносна издишка) кој е затворен, освен кога резервоарот се полни или празни.

Резервоарот за складирање на сурова нафта и нафтени производи од група I мора да биде опремен со сигурносен уред кој е затворен, освен кога постои натпритисок или потпритисок во резервоарот или одобрен запирач на пламен пред сигурносниот уред.

Член 56

Резервоарот за складирање на сурова нафта на нафтовод со зафатнина од 500 m³, како и надворешниот надземен атмосферски резеревоар за складирање на сурова нафта и нафтени производи со зафатнина до 4 m³, освен подгрупа I А, можат да имаат издишни лулиња кои мораат да бидат отворени.

IV. ИЗГРАДБА НА НАФТОВОДИ,ГАСОВОДИ И ПРОДУКТОВОДИ

Член 57

Секоја поединечна цевка, цевен елемент или уред мораат визуелно да се испитаат непосредно пред монтажата за да се установи дали имаат каков и да е недостаток кој би можел штетно да влијае врз нивната употребливост.

Член 58

При ладно свиткување на цевките најголемото дозволено свиткување по должина еднаква на пречникот на цевката смее да изнесува 1,5°.

Свиткување на надолжно заварени цевки се изведува така што варот мора да се наоѓа во близина на неутралната оска на лакот на цевката.

При полагањето на цевоводот минималните полупречници на еластичните лакови, во зависност од пречникот на цевката, мораат да изнесуваат:

NO	100	350 m
NO	150	350 m
NO	200	400 m
NO	250	450 m
NO	300	450 m
NO	350	450 m
NO	400	450 m
NO	450	550 m
NO	500	550 m
NO	600	600 m
NO	650	700 m
NO	700	800 m
NO	750	850 m

Член 59

Заварувањето на челични цевки и на челични цевни елементи мора да се спроведува по квалификувана постапка на заварување и во согласност со нормативите пропишани во соодветните југословенски стандарди.

Член 60

Заварување можат да вршат само заварувачи чија стручна оспособеност е докажана и проверена и кои имаат соодветна квалификација за постапката на заварување што ќе се примени.

Член 61

Испитување на варот со недеструктивна метода мора да се изврши по целиот обем на варот.

Најмалиот процент на заварени споеви што мораат дефектоскопски да се испитаат, во зависност од разредот на појасот, изнесува, и тоа:

– за појас од I разред – 10%, а најмалку 8 варови на должина на цевоводот од 1000 m;
– за појас од II разред – 50%, а најмалку 40 варови на должина на цевоводот од 1000 m;
– за појаси од III и IV разред – 100%.

Сите варови на цевовод што се поставува во заштитен патен или заштитен пружен појас на сообраќајници, во тунели, на мостови, на надземни и вкопани премини преку или под сообраќајници и на премини преку водени текови, како и во заштитен појас на станбени згради и црпалишта на вода за пиење, мораат дефектоскопски да се испитаат.

Дефектоскопски мораат да се испитаат и сите варови на чистачките станици, блок станиците, мерните станици, регулационите станици, мернорегулационите станици, одвојувачите на течност, сепараторите, манипулативните цевоводи на компресорски станици, како и на сите други надземни делови на цевоводот.

Член 62

По заварувањето на цевоводот и поправката на неисправните варови, а пред изолацијата, мора да се изврши прочистување на делниците со компримиран воздух и со пропуштање на чистач со калибрациона плоча со пречник најмалку 95% од внатрешниот пречник на цевоводот.

Член 63

Ровот за полагање на цевоводот мора да биде ископан така што со поставувањето на цевоводот во ровот да се постигне проектираната положба на цевоводот и да се спречи недозволено напрегање во материјалот на цевките, како и да се оневозможи оштетување на изолацијата на цевките.

Ако ровот е ископан на каменит терен, цевоводот мора да се положи во заштитен слој на песок или мора да се употреби додатна изолација на цевоводот.

Член 64

Цевоводот мора да биде заштитен од подлокување, поплавување, нестабилност на почвата, одронување на земја и други опасности што можат да условат поместување или додатно оптоварување на цевката.

Член 65

Надземните делови на цевоводот и на неговите составни делови што не се оградени, мораат да бидат заштитени од непосредно оштетување, ако тоа го бараат посебните услови.

Член 66

Трасата на нафтоводот и гасоводот и продуктоводот мора да биде видливо обележена со посебни ознаки.

Растојанието на ознаките за обележување на цевоводот не смее да биде поголемо од 1000 m на рамниот дел на трасата, а на искривениот дел на трасата на цевоводот, изземајќи ги ладно и фабрички изработените лакови, мораат да бидат поставени најмалку три ознаки, и тоа на почетокот, во средината и на крајот на кривината.

Ознаките за обележување на трасата на цевоводот се поставуваат на 0,8 m надесно во однос на насоката на протокот на медиумот.

Ознаките за обележување на трасата на цевоводот мораат да бидат во согласност со нормативите пропишани во соодветните југословенски стандарди.

Член 67

Во минувањето на цевоводот под водени текови, канали и сообраќајници, ознаките за обележување на трасата на цевоводот и знаците за предупредување мораат да бидат поставени од обете страни на водениот тек, каналот или сообраќајницата.

Ознаката на минувањето на цевоводот под железничка пруга не смее да се постави поблиску од 10 m од оската на крајниот колосек.

Ознаката на минувањето на цевоводот под канал не смее да се постави поблиску од 10 m од оската на насипот на каналот, а на поминувањето на цевоводот под пат, ознаката не смее да се постави во патниот појас.

Во минувањето на цевоводот под пловни реки и канали, од обете страни на минувањето, на растојание од по 200 m, спротиводно и низводно од оската на цевоводот, мора да се постави знак за забрана на вкотвување.

V. БЛОК СТАНИЦА НА НАФТОВОД, ГАСОВОД И ПРОДУКТОВОДОТ

Член 68

Гасоводот мора да биде опремен со затворачки органи сместени на такви меѓусебни растојанија што растојанието од која и да е точка на цевоводот до најблискиот затворачки орган за определени разреди на појаси да изнесува најмногу, и тоа:

1) за појас од I разред – 16 km;

2) за појас од II разред – 12 km;

3) за појас од III разред– 6 km;

4) за појас од IV разред – 4 km.

Во минувањето на нафтовод под или над водени текови кои, при максимален водостој, се поширoки од 30 m, како и под или над водотек за снабдување на водоводи на населени места, на нафтоводот мораат, од обете страни на водотекот, да се постават затворачки органи.

Член 69

Затворачките органи од став 1 на член 68 од овој правилник на гасоводите мораат да бидат така поставени да овозможуваат лесно ракување и одржување и мораат да бидат заштитени од пристап на неповикани лица. Затворачките органи (со помошната опрема) мораат да бидат погодни за погон во затворен и отворен простор, во вертикална или хоризонтална положба, како и за инсталирање над или под земјата.

Секој затворачки орган од став 1 на овој член со пречник поголем од 100 mm мора да биде опремен со обиколен вод со два вентила – за изедначување на притисокот при отворање на затворачкиот орган и за придушување на протокот на гас.

Член 70

Затворачките органи од член 69 на овој правилник можат да се затвораат рачно, со далечинско управување или со помош на пневматски уред.

Операторот на пневматскиот уред мора да го затвори затворачкиот орган при брзина на паѓањето на притисокот во гасоводот од 3,5 bar во минута или при поголема брзина.

Затворачкиот орган затворен со уред за автоматско затворање може да се отвори само рачно.

Член 71

Блок станицата во која е поставен затворачки орган со припаѓачките уреди, мора да биде оградена со ограда висока 2 m, при што ниеден дел на оградата не смее да се наоѓа во заштитниот појас на населени згради и во патен и пружен појас, а надземните уреди не смеат да се поставуваат поблиску од 20 m од работ на крајната коловозна лента на јавен пат, односно поблиску од 30 m од оската на крајниот колосек. Разместувањето на деловите на блок станицата мора да биде во согласност со зоните на опасност од експлозија и пожар, а зоните на опасност од експлозија мораат да бидат опфатени со оградата на станицата.

Член 72

Секоја делница на гасоводот меѓу два затворачки органи мора да биде опремена со уреди за испуштање на гас, и тоа со таков капацитет делницата да може да се испразни во атмосферата во рок од најмногу два часа.

Уредот за испуштање на гас од став 1 на овој член мора да биде ограден и поставен надвор од заштитниот појас на населени згради односно надвор од заштитниот пружен или патен појас на сообраќајница, според условите пропишани во табела 3 на член 17 од овој правилник.

VI. ЧИСТАЧКИ СТАНИЦИ НА НАФТОВОД, ГАСОВОД И ПРОДУКТОВОД

Член 73

За внатрешно чистење на нафтовод, гасовод и продуктовод во цевоводот мораат да се вградат чистачки станици кои се состојат од чистачка цевка со арматура и со уреди за испраќање на чистачките и чистачка цевка со арматура и со уреди за прифаќање на чистачите.

Во цевоводите за проток на нафта, продукти на нафта или гас, во обата правца, мораат да се вградат универзални чистачки цевки за испраќање и прифаќање на чистачите.

Чистачките цевки и затворачите мораат да бидат градени за максимален работен притисок на гасоводот, со коефициент на сигурност 2,0 и испитани под притисок за 50% поголем од максималниот работен притисок.

Чистачките цевки се дел од цевоводот и не подлежат на прописите за садови под притисок.

Член 74

Чистачките цевки мораат да бидат опремени со затворачки орган на цевоводот кој истовремено врши функција на блок станица.

Секоја чистачка цевка мора да има индикатор на поминувањето на чистачот чија положба може со сигурност визуелно да се утврди на растојание од 30 m.

Конструкцијата на затворачите на чистачките цевки мора да одговара на сите погонски услови и мора да биде така осигурена да не може да се отвори додека чистачката цевка е под притисок.

Кај гасоводите издувната цевка за испуштање на гас од чистачката цевка мора да биде вградена вертикално нагоре, а отворот на цевката мора да биде на височина од најмалку 2 m над површината на почвата.

Кај нафтоводот и продуктоводот издувната цевка мора да биде вградена вертикално надолу, а одводот на нафта или продукт на нафта мора да биде спроведен во резервоар со соодветна големина. Дренажната цевка на чистачката цевка мора да биде вградена вертикално надолу, на растојание најмногу 25 cm од затворачот и мора да се завршува во бетонско окно или резервоар со соодветна големина.

Член 75

Кај нафтоводите и продуктоводите, под затворачот на чистачката цевка, мора да биде изграден прифатен базен за течност чија зафатнина мора да биде еднаква со зафатнината или поголема од зафатнината на чистачката цевка на делот од влезниот вентил до затворачот.

Чистачките цевки мораат да бидат поставени под агол од 5° спрема затворачот на цевката.

Чистачките цевки мораат да бидат поставени на цврсти темели и со котвен блок на цевоводот осигурени од воздушно поместување.

Симетралата на чистачката цевка мора да биде на височина од 0,8 m до 1,2 m од површината на почвата.

VII. СЕПАРАТОРИ И ОДВОЈУВАЧИ НА ТЕЧНОСТ НА ГАСОВОДИ

Член 76

Гасоводите во кои од транспортираниот гас може да се издвои вода или гасен кондензат, мораат да бидат опремени со уреди за испуштање на течност од гасоводот. Течноста од гасоводот мора да се испушта на еден од следните начини:

а) со пропуштање на чистачи низ цевките на гасоводот и со собирање на течноста во подвижен или стабилен сад – резервоар, или

б) со одвојувачи на течност што се вградуваат во гасоводот и кои се дел на гасоводот, а се опремени со цевки за испуштање на течност.

Член 77

На прифатните чистачки станици на гасоводот можат да се изградат приклучоци за подвижни или стабилни одвојувачи на течност или приклучоци за сепаратори.

Течноста што ќе се издвои и ќе се собере во сепараторот не смее да се испушта во околината, туку со неа мора да се постапува според прописите за транспорт на сурова нафта и нафтени производи од група I подгрупа I С.

Член 78

Сепараторот за одвојување на течност од гасоводот кој е монтиран на прифатната чистачка станица, мора да биде изграден и испитан за максимален работен притисок на гасоводот и мора да има доволен капацитет за поминување на гас и издвојување на течност.

Сепараторот мора да биде поставен така што за време на чистењето на гасоводот низ него да струи сиот гас кој преминува од еден гасовод во друг.

На најниското место на сепараторот мора да биде поставена цевка за испуштање на течност со пречник најмалку од 50 mm, која се затвора со двоен затворачки орган. Придушување при испуштањето на течноста смее да се врши само со друг затворачки орган, а првиот затворачки орган мора да биде во положба „отворен - затворен".

Сепараторот може да биде опремен и со инсталација за автоматско испуштање на течност, со регулатор на нивото на течноста. Сепараторот мора да има покажувач на нивото на течноста или приклучок со пречник најмалку од 12 mm со отвор со пречник од 2 mm, кој е затворен со иглест вентил чиј пречник е 12 mm. Покажувачот на нивото на течноста мора да биде вграден на највисокото дозволено ниво на течноста.

Сепараторите се садови под притисок и на нив се применуваат прописите за садови под притисок.

Член 79

Одвојувачот на течност од гасоводот мора да биде изработен од цевка со пречник кој не е помал од пречникот на гасоводот со коефициент на сигурност 2,0 за појаси од I, II и III разред односно 2,5 за појас од IV разред.

Одвојувачот на течност се вградува во гасоводот така што делот на одвојувачот во кој се собира течноста се поставува под цевката на гасоводот и со неа се спојува со цевки со пречник најмалку од 80 mm, односно најмногу 50% од пречникот на гасоводот.

На најниската точка на одвојувачот на течност мора да биде поставена одводна цевка за течност, со пречник најмалку од 50 mm, која се завршува во бетонско окно или над површината на почвата, а се затвора со двоен затворачки орган. При испуштање на течноста придушување може да се врши само со помош на друг заптивен орган.

Ако одвојувачите на течност се поставуваат во близината на сообраќајници или станбени згради, тоа мора да се изврши согласно со став 2 на член 72 од овој правилник.

VIII. МЕРНИ, РЕГУЛАЦИОНИ И МЕРНОРЕГУЛАЦИОНИ СТАНИЦИ НА ГАСОВОДИ

Член 80

Мерните, регулационите и мернорегулационите станици (во натамошниот текст: станиците) со инсталации за мерење и регулација на гасот, можат да бидат изградени во градежен објект или на отворен простор и мораат да бидат оградени со заштитна ограда.

Станиците од став 1 на овој член за природен гас можат по исклучок да се изградат и на градежен објект или до негов ѕид, со тоа што покривот односно ѕидот на градежниот објект не смее да пропушта природен гас, не смее да има отвори и мора да издржи еден час во случај на пожар.

Станиците од став 2 на овој член не смеат да се градат на станбени згради или до нивни ѕидови.

Член 81

Покривната конструкција на објектот на станицата мора да биде таква што во случај на натпритисок да попушти пред ѕидовите на објектот.

Просторијата на објектот во која се вградени гасни инсталации мора да биде одвоена од другите простории на објектот со ѕидови кои не пропуштаат гас. Овие простории мораат да бидат изградени и споени со покривната конструкција така што да се оневозможи продирање на гас од една просторија во друга просторија.

Ако просториите во објектот меѓусебно се одвоени со двоен ѕид, ѕидовите не мораат да бидат непропустливи за гас, но мораат да бидат поставени на меѓусебно растојание од најмалку 10 cm со природна вентилација на меѓупросторот.

Ѕидовите, подовите, таванската и покривната конструкција на објектот мораат да бидат изградени од негорлив материјал и материјал без шуплини.

Вратите на надворешните ѕидови на објектот мораат да се отвораат спрема надворешната страна, а бравите од внатрешната страна мораат да се отвораат без клуч.

Ѕидовите на просториите во кои се вградени мерно-регулациони гасни инсталации не смеат да имаат отвори за прозорци.

Член 82

Проодите на цевките и на електричните водови низ ѕидови непропустливи за гас меѓу просториите во кои се вградени гасни инсталации и просториите во кои се сместени електрични, телеметриски и други инсталации, мораат да бидат непропустливи за гас и изведени со помош на уводна цевка.

Член 83

Просториите во објектите на станиците во кои се вградени гасни инсталации мораат да имаат горни и долни отвори за природно проветрување.

Отворите за проветрување мораат да бидат поставени така што да спречуваат собирање на гас во просторијата, при што долните отвори мораат да бидат сместени на височина од 15 cm над подот, а горните на највисоката точка на просторијата.

Вкупната површина на горните отвори мора да изнесува најмалку 1% од површината на подот на просторијата, а вкупната површина на долните отвори не смее да биде помала од 80% од вкупната површина на горните отвори.

Отворите за проветрување мораат да бидат опремени со заштитни решетки со отвори големи до 1 cm².

Член 84

Притисокот на гасот во станиците се редуцира и се регулира со регулатори на притисокот во еден степен или повеќе степени на редукција на притисокот на гасот.

Работниот притисок на регулаторот на притисокот на гасот мора да биде еднаков или поголем од максималниот работен притисок на гасот пред регулаторот.

Регулаторите на притисокот мораат да обезбедат константен притисок во целиот регулационен опсег, а притисокот по регулацијата не смее да биде поголем од максималниот работен притисок во системот.

Член 85

По секој степен на редукција и регулација на притисокот на гасот, во цевоводот мора да се вгради сигурносен уред кој, во случај на дефект на регулаторот, ќе спречи пораст на притисокот над дозволената граница.

Ако како сигурносен уред се користи сигурносен вентил со издувен систем, неговиот капацитет на издувување

мора да биде еднаков најмалку на капацитетот на регулаторот при максимален влезен притисок пред регулаторот.

Ако пред регулаторот на притисокот се вградува автоматски вентил за блокирање на протекот на гас, сигурносниот вентил мора да има капацитет најмалку 1% од максималниот капацитет на регулаторот на притисокот.

Сигурносниот вентил кој ги штити инсталацијата и гасоводат од пречекорување на максималниот работен притисок, мора да биде дотеран така што притисокот по регулаторот да не може да порасне за повеќе од:

- 50% од максималниот работен притисок кој изнесува до 0,5 bar;
- 0,5 bar од максималниот работен притисок кој изнесува од 0,5 до 3 bar;
- 15% од максималниот работен притисок кој изнесува од 3 до 60 bar;
- 10% од максималниот работен притисок кој изнесува повеќе од 60 bar.

Автоматскиот вентил за блокирање на протекот на гас, кога е во комбинација со сигурносен вентил, мора да се дотера така што да го затвори гасоводот на притисок 10% поголем од притисокот на отворање на сигурносниот вентил, а притоа напрегањето во цевките и цевните елементи да не биде поголемо од 75% од долната граница на еластичност на материјалот од кој се изработени цевките и цевните елементи.

Ако притисокот во влезниот и излезниот гасовод во станицата е поголем од 6 bar, надвор од зградата на станицата, на влезниот и излезниот гасовод, мора согласно со прописите за заштита од пожар, да се постави односно да се вгради затворачки орган.

Член 86

На хоризонталниот дел на гасната инсталација, на местото пред регулаторот на притисокот и мерењето на протекот на гас, мора да се вгради филтер кој ќе ги задржува механичките честички и течноста од гасот.

Филтерот мора да биде изграден за максимален работен притисок на гасот во доводниот гасовод со коефициент на сигурност 2,0 и испитан со притисок за 50% поголем од максиманиот работен притисок.

Големината на влошката на филтерот мора да биде таква што максималниот протек на гас низ гасната инсталација да не предизвикува паѓање на притисокот за повеќе од 0,8 bar.

За влошки на филтерот мора да се употреби материјал отпорен на вода и масло и кој не смее да се кине и распаѓа под дејството на струјата на гасот. На најнискиот дел на телото на филтерот мора да се наоѓа испусна цевка со пречник најмалку од 25 mm, која се затвора со два вентила.

Филтерот се смета како дел од инсталацијата и не подлежи на прописите за садови под притисок.

Член 87

Ако по редукцијата на притисокот на гасот можат да настапат услови за формирање на хидрат, гасот мора да се загрева пред редукцијата на притисокот на гасот. За загревање на гасот може да се употреби топла вода или пареа. Забрането е загревање на гасот со директен пламен.

Менувачот на топлота мора да биде изграден така што да издржи максимален притисок на гасот во доводниот гасовод пред мернорегулационата инсталација со коефициент на сигурност 2,0 и испитан со притисок за 50% поголем од максималниот работен притисок.

Менувачот на топлота се смета како дел од инсталацијата и не подлежи на прописите за садови под притисок.

Член 88

За мерење на протекот на гас мораат да се употребуваат само мерачи што се изработени во согласност со прописите за мерила и чија употреба ја одобрил надлежниот орган односно овластената организација.

IX. КОМПРЕСОРСКИ СТАНИЦИ НА ГАСОВОДИ

Член 89

Компресорски станици можат да се поставуваат под натстрешници или во затворени објекти.

Зградите на компресорските станици и натстрешниците мораат да бидат изградени од негорлив материјал. Просториите во кои се поставени компресорите и гасните инсталации мораат да имаат најмалку два излеза во случај на опасност со тоа што од просторијата вратите мораат да се отвораат без клуч и спрема надворешната страна.

Во надворешните ѕидови на тие простории мораат да се наоѓаат горни и долни отвори за природно проветрување. Површината на горните отвори мора да изнесува 1% од површината на подот и мораат да бидат поставени на највисоката точка на просторијата.

Долните отвори мораат да бидат поставени на височина од 15 cm над подот на станицата, а нивната вкупна површина мора да изнесува најмалку 80% од вкупната површина на горните отвори.

Во зградите на компресорските станици мораат да се вградат алармно-сигнални уреди што предупредуваат на опасност во случај на зголемена концентрација на гас.

Член 90

Компресорите во компресорските станици на шмукалната страна мораат да бидат опремени со сепаратори за одвојување на течноста.

Сепараторите за одвојување на течноста и сите делови на гасните инсталации во компресорската станица мораат да бидат изградени со коефициент на сигурност 2,0 и мораат да се контролираат на цврстина поради влијанието на вибрациите во системот што се последица од работата на компресорот.

Сепараторите за одвојување на течноста мораат да бидат опремени со покажувач на нивото на течноста и со уред за рачно или автоматско испуштање на течноста.

Сепараторите за одвојување на течноста мораат да бидат опремени со уреди за сигнализација на пречекорувањето на дозволеното ниво на течноста во нив и со уред за автоматско запирање на работата на компресорот ако сепараторот се наполни со течност за повеќе од 80% од зафатнината на сепараторот, или ако нивото на течноста во сепараторот се подигне на височина од 20 cm под долниот раб на отворот на цевката за излез на гасот.

Член 91

Компресорските станици мораат да бидат опремени со сигурносни вентили со издувен систем со капацитет еднаков на вкупниот капацитет на компресорската станица или поголем од тој капацитет.

При пречекорување на работниот притисок за вредностите пропишани во член 38 став 2 од овој правилник сигурносните вентили мораат да испуштаат гас надвор од просторијата во атмосферата.

Член 92

Компресорските станици мораат да имаат затворачки органи за рачно затворање на доводот и одводот на гас, вградени на растојание од најмалку 15 m од објектот на станицата, односно натстрешница. Во одводниот гасовод од компресорската станица мора да се вгради неповратен вентил.

Член 93

Компресорските станици што имаат моќност поголема од 735 kW мораат да имаат систем за запирање на работата на станицата во случај на опасност, кој мора да ги исполнува следните услови, и тоа:

– да го затвори доводот на гас во станицата и одводот на гас од станицата и да го испушти гасот од системот на станицата преку испусната цевка;

– да ја запре работата на компресорот и на гасните инсталации и да го прекине доводот на електрична струја во компресорската станица, освен за електричните кола што служат за осветлување во случај на опасност и електирчни кола чиешто дејствување може да ја намали можноста за оштетување на постројките;

– со уредите за запирање на работата, за затворање на гасот и за исклучување на електричната енергија да се ракува најмалку од две места, од кои едното мора да биде надвор од пожарната зона.

X. ПУМПНИ СТАНИЦИ ЗА НАФТА И НАФТЕНИ ПРОДУКТИ

Член 94

Пумпните станици за нафта и нафтени продукти можат да се поставуваат под натстрешници или во затворени објекти.

Објектите и натстрешниците на пумпните станици мораат да бидат изградени од негорлив материјал.

Просториите во кои се поставени пумпите и цевните инсталации мораат да имаат најмалку два излеза, за случај на опасност, со тоа што вратите да мораат да се отвораат спрема надворешната страна. Од внатрешноста на просторијата вратите мораат да се отвораат без клуч. Во надворшените ѕидови на тие простории мораат да се наоѓаат горни и долни отвори за природно проветрување за да се спречи концентрација на запални пареи.

Вкупната површина на долните отвори мора да изнесува најмалку 1% од површината на подот на просторијата, а вкупната површина на горните отвори не смее да биде помала од 80% од вкупната површина на долните отвори.

Во објектите на пумпните станици мораат да бидат вградени алармно-сигнални уреди што предупредуваат на зголемена концентрација на запални пареи.

Член 95

Пумпната станица за нафта и нафтени продукти мора да биде снабдена со сигурносен уред за спречување на порастот на притисокот во цевоводите над максималниот работен притисок.

Сигурносните уреди на цевоводите не смеат да испуштаат нафта во атмосферата (околината).

Член 96

Погонските мотори во пумпните станици за нафта и во компресорските станици за гас, освен синхрони и асинхрони електрични мотори, мораат да имаат автоматски уред за запирање на работата на моторите ако бројот на обрти ја премине максималната дозволена вредност, односно ако бројот на обрти е поголем од номиналниот број на обрти на моторите.

Член 97

Пумпите за нафта и компресорите за гас со погонски мотори што имаат ладење и подмачкување под притисок мораат да имаат уред за запирање на работата кој дејствува во случај на недоволно ладење или подмачкување.

Член 98

На шмукалниот и потисниот дел на цевоводот на пумпната станица за нафта мораат да бидат поставени затворачки органи со кои во случај на потреба станицата може да се одвои од другите делови на нафтоводот.

Член 99

За секоја пумпна станица за нафта мора да биде предвидена заштита од пожар според условите пропишани со закон и со прописите донесени врз основа на закон.

Ако заштитата од пожар бара отстапување од условите предвидени во табела 1 на член 12 од овој правилник, а се установи потреба од поставување стабилни уреди за заштита од пожар, неопходно е да се обезбеди резервна енергија за активирање на стабилен систем за заштита од пожар одвоена од енергијата потребна за работа на пумпите во пумпната станица.

XI. ЕЛЕКТРИЧНИ ИНСТАЛАЦИИ И УРЕДИ НА НАФТОВОДИТЕ, ГАСОВОДИТЕ И ПРОДУКТОВОДИТЕ

Член 100

Електрични инсталации и уреди што се вградуваат на постројките на нафтоводите, гасоводите и продуктоводите, како и на нивните составни делови, во смисла на овој правилник, се:

1) електромоторни уреди;
2) уреди за далечинска контрола и управување;
3) уреди за осветлување;
4) електрични мерни уреди;
5) кабли и спроводници;
6) други електрични уреди.

Член 101

Електричните инсталации и уреди што се поставуваат на постројките на нафтоводите, гасоводите и продуктоводите и на нивните составни делови, мораат да бидат вградени на места што не се загрозени со запална смеса.

Ако инсталациите и уредите од став 1 на овој член се вградуваат на места што се загрозени со запална смеса, вградувањето и изведувањето на инсталациите и уредите мораат да се спроведат на начин и по постапка што се утврдени со стандардите и техничките нормативи за такви инсталации и уреди.

Член 102

Електричните инсталации и уреди што се вградуваат на постројките на нафтоводите, гасоводите и продуктоводите и на нивните составни делови мораат да бидат во границите на номиналните вредности (номиналната моќност, напонот, струјата, фреквенцијата, видот на погонот, експлозивниот разред, групата на палење и сл.) и заштитени од дејство на вода и од електрично, хемиско, термичко и механичко дејство.

Член 103

Електричните инсталации и уреди што се поставуваат на постројките на нафтоводите, гасоводите и продуктоводите и на нивните составни делови можат да бидат вградени во канали, вдлабнатини, визби, во простории што не се проветруваат и на слични места, ако таквото вградување е условено со технолошките барања.

Ако електричните инсталации и уреди се вградени на местата предвидени во став 1 на овој член, инсталациите и уредите мораат да бидат изведени во противексплозивна заштита, освен уредите со ознаката „зголемена сигурност".

Член 104

На местата што не се загрозени со запална смеса, а со канал се поврзани со местата загрозени со запална смеса, мора на соодветен начин да се спречи продор на пареа или на запални гас.

Член 105

Приклучоците за довод на електрична енергија во објектот или во одделение на објектот што е загрозено со запална смеса мораат да имаат прекинувач поставен на пристапно место, што не е загрозен со запална смеса.

Член 106

Уредите и објектите на нафтоводот, гасоводот и продуктоводот мораат да бидат заштитени од атмосферски празнења.

Член 107

Уредите и опремата на нафтоводите, гасоводите и продуктоводите мораат да бидат вградени така што да се оневозможи појава на искра на статички електрицитет која би можела да предизвика палење на експлозивната смеса.

Член 108

Уредите наменети за осветлување на постројките на нафтоводите и гасоводите и нивните составни делови, во поглед на конструктивните особини, квалитетот и видот на материјалот, како и начинот и условите на вградување, мораат да одговараат на нормативите пропишани во соодветните југословенски стандарди.

Член 109

Каблите и изолираните спроводници од бакар што се вградуваат на постројките на нафтоводите и гасоводите и на нивните составни делови мораат да бидат изведени во согласност со нормативите пропишани во соодветните југословенски стандарди.

Член 110

Уредите за мерење и регулација што се вградуваат на постројките на нафтоводите и гасоводите и на нивните составни делови мораат да одговараат на условите пропишани за нивно вградување.

XII. АНТИКОРОЗИВНА ЗАШТИТА НА НАФТОВОДИТЕ, ГАСОВОДИТЕ И ПРОДУКТОВОДИТЕ

Член 111

Сите делови на цевоводот мораат да бидат заштитени од корозија.

Надземните делови на цевоводот, што не се галванизирани, мораат да бидат заштитени со антикорозивни премази што мораат да се нанесат во согласност со одредбите на прописите за техничките мерки и услови за заштита на челични конструкции од корозија.

Антикорозивната заштита на подземните цевоводи се состои од пасивна заштита (изолација) и активна заштита (катодна заштита).

Член 112

Изолацијата мора да ги исполнува следните услови:

– да не впива вода и да оневозможува продирање на влага до цевоводот;

– да има висок електричен отпор;

– да е хемиски и физички стабилна во текот на експлотациониот период на цевоводот;

– да е термички стабилна во подрачјето на работните температури на цевоводот;

– да е флексибилна и еластична;

– да се произведува во форма која овозможува лесно и сигурно нанесување на цевоводот;

– со површината на металот на цевките да создава цврст спој кој е траен и отпорен на вода и влага.

Готовиот изолационен слој на површината на цевките треба да биде доволно цврст, да е без оштетување и да може да издржи напрегање во транспортот и манипулацијата при полагањето на цевоводот.

Под влијание на катодната заштита изолацијата не смее да ги губи своите својства.

Член 113

Цевките можат да бидат изолирани фабрички или на местото на вградувањето.

Член 114

Пред затрупувањето на цевоводот испитување на оштетувањето на изолацијата на цевоводот мора да се изврши со високонапонски детектор.

Електродата која се користи при испитувањето на оштетувањето на изолацијата мора да биде еластична и да одговара на пречникот на цевката. Испитниот напон мора да одговара на типот и дебелината на изолацијата, а брзината на провлекувањето на електродата по должината на цевоводот мора да биде константна и мора да изнесува околу 20 метри во минута.

При испитувањето на изолацијата на цевоводот мора да се избере соодветен напон спрема табела бр. 4.

Откриените грешки во изолацијата мораат да се поправат со изолационен материјал кој одговара на материјалот што е употребен за таа изолација.

Член 115

Покрај квалитетно изведената изолација на цевоводот во системот на цевоводот мораат да се вградат изолациони спојници на местата на кои е неопходна меѓусебна електрична изолација на делови на системот.

Изолационите спојници мораат да бидат конструирани за соодветен притисок, температура и диелектрична цврстина и изолирани од влијанието на почвата.

Член 116

На местата на кои на цевоводот се поставуваат заштитни цевки, цевоводот мора да биде електрично изолиран од тие цевки.

Член 117

На местата на кои цевоводот е положен на заземјени носачи (конструкција на мост, столбови, носачи и сл.), цевоводот мора да се изолира од тие носачи.

Ако на крајот на делницата на полагањето на цевоводот на носачи се постават изолациони спојници, цевоводот не мора да биде изолиран од тие носачи.

Надземните делови на цевоводот мораат да бидат електрично одвоени од подземните делови на цевоводот и заземјени.

Член 118

Елементите за обесување на цевоводот за конструкцијата на мост теговите за баласт, сидрата за цевоводите и металните зајакнувања на изолацијата, мораат да бидат електрично изолирани од цевоводот и поставени така што да не ја оштетуваат изолацијата.

ИСПИТНИТЕ БАРАЊА ЗА ИЗОЛАЦИЈА НА ЦЕВКИТЕ ОДНОСНО ЛЕНТИТЕ ЗА ИЗОЛАЦИЈА НА ЦЕВКИТЕ ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД КОРОЗИЈА

Табела 4

Особина	Се испитува	Барања на испитувањето		Барања на испитувањето			
		Фабричка изолација		Фабричка изолација	Изолациони ленти против корозија		
		Битумен	PE (Полиетилен)	Дуро-пластика	Петролат	Битумен	Пластика
Општи особини	Дебелина	Средна 4 mm не <3,5 mm	NO VIA 100 : 1,8 mm V A 100 250 : 2,0 mm V A 250 500 : 2,2 mm V A 500 750 : 2,5 mm VIA 750 : 3,0 mm	Епоксисмола 250 μm Епоксисмола/тер 500 μm Полиуретан 500 μm Полиуретан/тер 500 μm	Најмалку 1 mm	Најмалку 4 mm	Номинална дебелина според податоците на производителот
	Температурно подрачје на примената	до 40°C	до 50°C	до 90°C	до 30°C	до 40°C	до 65°C
Одвојување од електролитот	Површински електричен отпор на изолацијата	$> 10^5$ Ω m²	$> 10^8$ Ω m²	$> 10^8$ Ω m²	$> 10^5$ Ω m²	$> 10^6$ Ω m²	$> 10^8$ Ω m²
	Испитување под висок напон на порозност	5 kV/mm+5 kV	25 kV	5 kV/mm+5 kV	5 kV/mm+5 kV	5 kV/mm+5 kV	5 kV/mm+5 kV
	Впивање на вода односно содржина на вода	0,5% тежина во 5 d	–	–	Содржина на вода максимум 1%	Содржина на вода максимум 1%	Содржина на вода максимум 1%
Припивање	Отпорност на симнување (лупење)	1N/10 mm	20N/50 mm	–	–	4N/10 mm	4N/10 mm
Механичка постојаност	Отпорност на кинење	20N/mm	–	–	–	20N/mm	40N/mm
	Отпорност на втиснување	–	Екструдирано: VIIVI 0,3 mm налеано: 0,15 mm при 2,5 kg/2,5 mm²	–	75% или мин. 0,6 mm остаток со дебелина на слојот при дејствување на 5 kg/100 mm² по 72 h	75% од првобитната дебелина при дејствување на 1 kg/100 mm² по 72 h	Остаток на дебелината мин. 0,6 mm при дејствување на 2,5 kg/2,5 mm² по 72 h
	Отпорност на удари (долу-горе)	–	5 N m по mm на 100 удари, со тоа што бројот на пробои да не премине 8	За дебелина на слојот ≦ 1 mm 5 N mm за дебелина на слојот > 1 mm 5 N mm; за секој mm дебелина на слојот на 100 удари, со тоа што бројот на пробои да не премине 8	2 N m на 100 удари, со тоа што бројот на пробои да не премине 8	8 N m на 100 удари, со тоа што бројот на пробои да не премине 8	15 N m на 100 удари, со тоа што бројот на пробои да не премине 8
Отпорност на стареење	Испитување на отпорноста на промена на изворот на топлина и светлина	–	Индексот на топењето смее да се менува макс. ± 2,5 %	–	–	–	–
Хемиска постојаност	Сапонификационен број	< 5 mg KOH/g тежина на мострата	–	–	< 5 mg KOH/g тежина на мострата	< 5 mg KOH/g тежина на мострата	< 5 mg KOH/g тежина на мострата на средство за грундирање

Член 119

Цевоводите мораат да бидат положени во почвата така што трајно да останат изолирани од други туѓи подземни метални инсталации.

Минималното растојание меѓу цевоводот и подземните кабли односно заземјувачот мора да одговара на нормативите пропишани во соодветните југословенски стандарди, а од другите подземни метални инсталации, на местата на вкрстувањето со цевоводот, тоа растојание мора да изнесува најмалку 0,3 m.

За полагање на подземни цевоводи паралелно со други инсталации минималното растојание мора да изнесува 0,5 m.

Телекомуникационите кабли што служат исклучиво за работа (функционирање) на цевоводот можат да се полагаат во ист ров со цевоводот. Во тој случај нивните метални обвивки мораат да бидат вклучени во системот на катодна заштита на цевоводот.

Член 120

За контрола на работата на системот на катодна заштита на цевоводот мораат да се определат мерни места за контрола на потенцијалот, струјата и отпорот, што се поставуваат на следните делови на цевоводот, и тоа;

– на заштитните цевки на местата на вкрстување со сообраќајници;

– на местата на вкрстување со други туѓи метални инсталации;

– на изолационите спојници во почвата;

– на премини преку реки;

– на мостови;

– на местата на приклучокот на станицата на катодна заштита;

– на инсталациите со галвански аноди.

Најголемото растојание меѓу две соседни мерни места не може да биде поголемо од 5km.

Член 121

Мерните кабли со цевоводот се спојуваат со заварување, тврдо лемење и алумотермичко заварување.

Местото на заварување на мерниот кабел на цевоводот мора да се залее со изолациона маса.

Член 122

Делниците на нафтовод, гасовод и продуктовод што поминуваат низ заштитната зона на изворишта на вода за пиење мораат да се изолираат зајакнато. На тие делници мерните изводи за контрола на корозијата мораат да се поставуваат на растојанија што не се поголеми од 1.500 m, а функционирањето на катодната заштита мора да се контролира најмалку четири пати годишно.

Нафтоводите и продуктоводите што се полагаат низ карсни подрачја не мораат да се изолираат зајакнато, но во поглед на мерните изводи и контролата на функционирањето на системот на катодна заштита мора да се постапува според одредбата на став 1 од овој член.

Член 123

Системите на катодна заштита можат да бидат со галвански аноди или со надворешен извор на еднонасочна струја.

Одбраните системи на катодна заштита мораат да се изградат во согласност со одредбите на прописите за техничките мерки и услови за заштита на челичните конструкции од корозија, и тоа најдоцна во рок од една година од денот на пуштањето на цевоводот во работа.

Член 124

Цевоводот, положен во хемиски неутрална почва е катодно заштитен, ако негативниот (катоден) потенцијал, измерен меѓу површината на цевоводот и заситената бакар-бакарсулфатна референтна електрода во контакт со почвата изнесува најмалку минус 0,85 V односно минус 0,95 V, ако е почвата погодна за активност на анаеробни бактерии.

Член 125

Ако поради дејствување на скитачки струи постои опасност од кородирање на подземните метални конструкции на цевоводот и резервоарот, таа опасност се утврдува:

1) со мерење на присутноста на скитачки струи во почвата;

2) со мерење на разликата на потенцијалот „цевовод-почва";

3) со мерење на разликата на потенцијалот меѓу штитената конструкција на цевоводот и резервоарот и другите соседни конструкции (на пр. шини на електрифициран транспорт, незаштитени цевоводи и др.);

4) со мерење на површинската густина на струјата која го напушта цевоводот и оди во земјата.

Челичните цевоводи положени непосредно во земјата во зоните на скитачки струи мораат да имаат зајакната антикорозивна заштита (покривка), без оглед на активноста на почвата.

За заштита од скитачки струи во анодни и опасни наизменични (знакопроменливи) зони, независно од агресивноста на околната почва се применува катодна дренажа, и тоа:

1) директна дренажа;

2) поларизирана дренажа;

3) поларизирана електро-магнетна дренажа;

4) електрична односно зајакната електрична дренажа, или автоматски станици за катодна заштита.

За приклучување на уред за дренажа односно сутиража е потребна согласност од корисникот на изворот на скитачки струи.

Цевоводите мораат да бидат посебно заштитени од повишена температура на почвата што хемиски не е неутрална, како и на местата на кои постојат анаеробни бактерии кои вршат редукција на сулфат во почвата.

Член 126

Со проектирањето на системот на катодна заштита мораат де се опфатат, и тоа:

1) основните податоци за цевоводот што се штити од корозија (карактеристики на цевоводот со геодетска снимка на сите подземни и надземни објекти и инсталации);

2) програмата за изведување и резултатите од теренските мерења;

3) определувањето на параметри и избор на систем на катодна заштита;

4) изборот на делови и опрема за катодна заштита.

XIII. ИСПИТУВАЊЕ НА НАФТОВОДИТЕ, ГАСОВОДИТЕ И ПРОДУКТОВОДИТЕ И ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Член 127

Нафтоводите, гасоводите и продуктоводите, како и нивните составни делови, мораат, пред пуштањето во ра-

бота, да се испитаат во поглед на цврстината и херметичноста.

Минималниот испитен притисок на гасоводите мора да биде поголем од максималниот работен притисок за долунаведените проценти, и тоа:

1) за појасите од I и II разред – за 25%;
2) за појасите од III и IV разред – за 50%;
3) за заштитниот појас на населени згради – за 50%;
4) за сите станици на гасоводот – за 50%;
5) за мернорегулационите и компресорските станици – за 50%.

Минималниот испитен притисок на нафтоводот и продуктоводот мора да биде поголем од максималниот работен притисок за долунаведените проценти, и тоа:

1) за нафтоводи и продуктоводи со коефициент на сигурност 1,4 и 1,7 – за 25%;

2) за нафтоводи и продуктоводи со коефициент на сигурност 2,0 и 2,5 – за 50%;

3) за пумпни станици за нафта – за 50%.

Ако како испитен медиум се користи вода, максималниот притисок за испитување на цврстината на цевоводот и на неговите составни делови не смее да предизвика периферискн напрегања поголеми од минималната граница на развлекувањето на цевниот материјал.

Ако на оддалеченост помала од 100 m од оската на гасоводот и на неговите составни делови постои зграда наменета за домување или престој на луѓе, како испитен медиум мора да се користи вода.

Ако пред испитувањето на цевоводот се евакуираат луѓето од зградите наведени во став 5 на овој член, за испитување на цевоводот како испитен медиум може да се користи воздух или инертен гас.

Испитниот притисок мора да се одржува најмалку 8 часови.

Член 128

Ако при испитувањето на цврстината на гасоводот и на неговите составни делови се користи воздух или инертен гас односно природен гас, дозволеното максимално периферискo напрегање во материјалот на цевката во однос на границата на развлекувањето изнесува, и тоа:

	За воздух и инертен гас	За природен гас
1) за појас од I разред	80%	80%
2) за појас од II разред	75%	30%
3) за појас од III разред	50%	30%
4) за појас од IV разред	40%	30%
5) за заштитен појас на станбени згради	40%	30%

Член 129

Минималниот испитен притисок при испитувањето на гасоводот и на неговите составни делови на непропустливост мора да биде еднаков на максималниот работен притисок.

Како испитен медиум може да се користи и гас.

Испитниот медиум со кој се вршело испитување мора да се отстрани така што да не ѝ причинува штета на околината.

Член 130

Организацијата на здружен труд која користи нафтовод, гасовод и продуктовод и нивните составни делови води документација, која содржи:

1) податоци за локацијата на цевоводот и за неговите главни објекти;
2) податоци за сите премини на цевоводот преку патишта, железнички пруги, подземни објекти, канали и реки;
3) дозвола за изградба на цевоводот;
4) податоци за максималниот работен притисок;
5) податоци за пречникот, типот и номиналната дебелина на ѕидот на цевката на цевоводот;
6) документација за надзорот и тестирањата;
7) записник од комисиите за технички преглед;
8) дозвола за употреба;
9) инвестиционо-техничка документација;
10) проект на изведената состојба;
11) план за противпожарна заштита;
12) документација за извршените испитувања на опремата и материјалот;
13) упатство за работа и одржување на нафтоводот, гасоводот и продуктоводот, со сите составни делови што ги содржат овие објекти.

Член 131

Организација на здружен труд која користи нафтовод, гасовод и продуктовод и нивните составни делови ја чува документацијата од член 130 на овој правилник за време на користењето на тие објекти и во рок од 3 години по престанување на користењето на објектите, му ја предава на чување на архивот на републиката односно автономната покраина на чија територија се наоѓаат тие објекти.

XIV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 132

Одредбите од овој правилник не се применуваат на:
1) подморски нафтоводи и гасоводи;
2) гасоводи за течен нафтен гас;
3) објекти за преработка на нафта и гас;
4) индустриски објекти (петрохемиски и хемиски постројки, топлана, котларници и слични објекти);
5) дистрибутивни мрежи за нафта или гас во населени места;
6) стопански, деловни, општествени, станбени и други слични објекти;
7) собирни и приклучни нафтоводи и гасоводи на нафтни и гасни полиња.

Член 133

Одредбите од овој правилник не се применуваат на нафтоводите, гасоводите и продуктоводите, како и на постројките и уредите кои се нивни составен дел изградени пред денот на влегувањето во сила на овој правилник.

При првата реконструкција на постојните нафтоводи, гасоводи и продуктоводи или на нивни одделни делови, вклучувајќи ги и постројките и уредите што се нивни составен дел, се применуваат сите технички услови, нормативи и заштитни мерки пропишани со овој правилник.

Член 134

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. IV/03-1223/34
6 септември 1984 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
сообраќај и врски,
Мустафа Пљакиќ, с. р.

БЛОК СТАНИЦА НА ГАСОВОД
СЕКУНДАРЕН ИЗВОР НА ОПАСНОСТ

СЛИКА 1



ЛЕГЕНДА:

ЗОНА НА ОПАСНОСТ 1

ЗОНА НА ОПАСНОСТ 2

ЧИСТАЧКА СТАНИЦА НА ГАСОВОД
ПРИМАРНИ ИЗВОРИ НА ОПАСНОСТ

СЛИКА 2



ЛЕГЕНДА:

ЗОНА НА ОПАСНОСТ 1

ЗОНА НА ОПАСНОСТ 2

МЕРНОРЕГУЛАЦИОНА СТАНИЦА СО УРЕДИ ЗА ТЕЛЕМЕТРИСКИ ПРЕНОС НА ПОДАТОЦИ

Д ЕН ИЗВОР НА ОПАСНОСТ

СЛИКА 3



ЛЕГЕНДА:

ЗОНА НА ОПАСНОСТ 1

ЗОНА НА ОПАСНОСТ 2

МЕРНОРЕГУЛАЦИОНА СТАНИЦА
СЕКУНДАРНИ ИЗВОРИ НА ОПАСНОСТ

СЛИКА 4





ЛЕГЕНДА:

ЗОНА НА ОПАСНОСТ 1

ЗОНА НА ОПАСНОСТ 2

КОМПРЕСОРСКА СТАНИЦА НА МАГИСТРАЛЕН ГАСОВОД СЕКУНДАРНИ ИЗВОРИ НА ОПАСНОСТ

СЛИКА 5



ЛЕГЕНДА:

ЗОНА НА ОПАСНОСТ 1

ЗОНА НА ОПАСНОСТ 2

350.

Врз основа на член 46 став 2 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/84), директорот на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА УСЛОВИТЕ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЛАБОРАТОРИИ ЗА ПРЕГЛЕД НА ЕЛЕКТРИЧНИ СИЈАЛИЦИ СО УСВИТЕНО ВОЛФРАМОВО ВЛАКНО – РАБОТНИ ЕТАЛОНИ НА ЕДИНИЦАТА ЗА СВЕТЛОСНА ЈАЧИНА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат условите за формирање на лаборатории за преглед на електрични сијалици со усвитено волфрамово влакно – работни еталони на единицата за светлосна јачина (во понатамошниот текст: сијалица), што во поглед на стручноста на работниците опремата и работните простории мораат да ги исполнуваат организациите на здружен труд и работните луѓе кои самостојно вршат дејност со личен труд со средства за работа во сопственост на граѓани кои произведуваат и поправаат сијалици.

Условите од став 1 на овој член се означуваат скратено со ознаката PUL.S – 1/1.

Член 2

Работниците што организациите на здружен труд и работните луѓе од член 1 на овој правилник се должни да ги обезбедат за преглед мораат да имаат VII степен на стручна подготовка, односно природно-математички факултет – група за физика или електротехнички факултет и мораат да ја познаваат постапката и методите за преглед на сијалици.

Член 3

За преглед на сијалици е потребна следната опрема:

1) секундарен еталон на единицата за светлосна јачина;

2) фотометриска клупа која овозможува:

– мерење на растојанија со граници на дозволена грешка од ± 0,5 mm;

– мерење на агол со граници на дозволена грешка од ± 6 минути;

3) визуелен фотометар;

4) луксметар чија карактеристика на релативна спектрална осетливост ѝ одговара на карактеристиката на релативната спектрална осетливост на стандардниот фотометриски посматрач;

5) уред за напојување на испитуваните сијалици со еднонасочна струја, чија вредност во текот на мерењето не

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за животна средина и просторно планирање
Ministria e Mjedisit
Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor
Бр. - Nr 11-848/4
14.04.2022 год. - viti
Скопје / Shkup

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

СЕКТОР ЗА ВОДИ - DEPARTAMENTI I UJËRAVE

Арх. бр/Nr. arh.11-848/ 4

Дата/Data: 14-04-2022

ДО/DERI TE: „студио Атриум“ ДОО
ул. „Никола Нехтенин“ бр.1
Општина Штип

ПРЕДМЕТ/LËNDA: Известување
ВРСКА/LIDHJA: Ваш број 0302-04/22-2 од 21.01.2022

Почитувани,
Të nderuat,

Во врска со Вашето барање бр. 0302-04/22-2 од 21.01.2022 година за податоци, информации кои се однесуваат на постапка за изработка на Урбанистички проект за инфраструктура за поставување на среднонапонски 10(20) Kv кабел КО Чардаклија, КО Три Чешми, КО Криви Дол и КО Сарчиево, општина Штип, Ве известуваме следното:

Од увидот во доставената ажурирана геодетска подлога во електронска форма на која е нанесен проектниот опфат и добиените информации од Службата за просторно информативен систем со бр. 16-848/3 од 01.04.2022 година, утврдено е дека предметниот проектен опфат поминува низ некои непостојани водени текови. Сметаме дека при изготвување на проектната документација, согласно Законот за водите (Сл. Весник на Република Македонија бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и 151/21), треба да бидат исполнети следните критериуми:

- Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите, забрането е, освен со

Министерство за животна средина и просторно планирањена Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

дозвола или согласност издадена врз основа на закон, изградба на постројки и објекти во крајбрежните земјишта, односно нивната местоположба треба да биде надвор од крајбрежниот појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци; а во населените места ширината на крајбрежниот појас ја определуваат советот на општините на предлог на градоначалникот на општините, по претходна согласност на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

- Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките;

- Изведувањето на објекти и постројки да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно-техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците;

- Да се превземат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции;

- Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, се забранува:

  - да се вади песок, чакал и камен од речното корито за да не дојде до влошување на постојаниот режим на водите и да се предизвика ерозија или се оневозможи користење на водите.

  - да се менува правецот на водотекот без согласност на Управата за Животна средина – Сектор за води.

  - да се сечат дрва и друга вегетација од коритата и бреговите на водотеците, без одобрение.

Министерство за животна средина и просторно планирањена Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

- да се копаат прокопи и канали по должината на насипот на коритото поблиску од 10 м од внатрешната страна и 10 м од надворешната страна на ножицата на насипот.

- за постоечките канали потребно е слободен пристап по 5м лево и десно од надворешната страна на ножицата на насипот.

Воедно, Ве известуваме дека согласно Законот за водите, Министерството за животна средина и просторно планирање издава водостопанска согласност заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти коишто поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои можат да влијаат врз режимот на водите.

Воедно, Ве известуваме дека за секое користење на вода и испуштање во водите, потребно е остварување на водно право, за што Министерството за животна средина и просторно планирање издава Дозвола за користење на вода и Дозвола за испуштање во водите во постапка пропишана согласно Законот за водите.

Исто така, Ве известуваме дека предметниот опфат од аспект на заштита на природата не влегува во заштитените подрачја во Република Северна Македонија и не е во рамки на предвидените акумулации согласно Водостопанската основа на Република Македонија.

Ве информираме дека Министерството за животна средина и просторно планирање не може да се произнесе по однос на местоположбата на постоечките или планирани инфраструктурни инсталации на планираниот опфат, затоа што не располага со таков вид на податоци и не управува со истите. Според одредбите од Законот за регистрација на подземни и надземните инфраструктурни објекти и придружни инсталации (Сл. Весник на Република Македонија бр. 6/12) општините, општините во градот Скопје и градот Скопје се одговорни да водат евиденција и да воспостават Регистар на подземни и надземни инфраструктурни објекти и

придружни инсталации секоја за своето подрачје. По однос на постојните водостопански објекти во склоп на системите за наводнување и системите за одводнување, надлежен правен субјект кој управува со истите е АД Водостопанство на Р. С. Македонија.

Со почит,

Me respekt,

Управа за животна средина/Drejtoria për mjedis jetësor
Директор/Drejtor

Hisen Xhemaili

Изработил/Përpiloi: Јелена Николов Деловска
Контролирал/Kontrolloi Љупка Д.Зајков
Согласен/Miratoi: Ylber Mirta

II. ПЛАНСКИ ДЕЛ

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

УРБАНИСТИЧКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

ВОВЕДЕН ДЕЛ

Овој Урбанистички проект е изработен согласно член 58, став 6 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ. бр.32/20) и член 58, 59, 60 и 61, од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 225/20) и Измената на Правилникот за урбанистичко планирање (219/21 и 104/22).

УСЛОВИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ, Издадени од Агенцијата за планирање на просторот, со тех.бр. **Y08922,** и Решение издадено од Министерството за животна средина и просторно планирање, со арх бр**.УП1-15 927/2022** претставуваат основа за изготвување на **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА СРЕДНОНАПОНСКИ 10(20)Kv КАБЕЛ, КО ЧАРДАКЛИЈА, КО ТРИ ЧЕШМИ - ВОН ГРАД, КО КРИВИ ДОЛ И КО САРЧИЕВО – ОПШТИНА ШТИП.**

1. ПОВРШИНА И ОПИС НА ГРАНИЦИТЕ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ СО ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА НЕГОВОТО ПОДРАЧЈЕ

Предмет на изработка т е изработка на Урбанистички проект за инфраструктура. Станува збор за изработка на урбанистичко проектна документација која ќе овозможи каблирање на 10(20) kV вод од постојна ТС 110/400kV на КП 1039/3, КО Чардаклија , до КП 151/2 КО Криви Дол, Општина Штип.

Овој урбанистички проект за инфраструктура се изработува на површина од **П=10.791,83 m²**, должината на предвидената траса е 5.396 m.

Предметната локација за поставување на среднонапонски 10(20)kV кабел од од постојна ТС 110/400kV на КП 1039/3, КО Чардаклија , до КП 151/2 КО Криви Дол, Општина Штип, е опфатена во рамките на опфат кој е дефиниран со точки по X и Y оската:

X=	7597804	Y=	4626474	X=	7597060	Y=	4626882
X=	7597835	Y=	4626453	X=	7597024	Y=	4626901
X=	7597908	Y=	4626432	X=	7596899	Y=	4626911
X=	7597908	Y=	4626434	X=	7596658	Y=	4627028
X=	7597836	Y=	4626455	X=	7596461	Y=	4627135
X=	7597806	Y=	4626476	X=	7596428	Y=	4627164
X=	7597774	Y=	4626516	X=	7596397	Y=	4627195
X=	7597651	Y=	4626560	X=	7596355	Y=	4627273
X=	7597639	Y=	4626558	X=	7596205	Y=	4627346

X= 7597100	Y= 4626808	X= 7596096	Y= 4627401
X= 7596060	Y= 4627438	X= 7594651	Y= 4627417
X= 7596063	Y= 4627462	X= 7594612	Y= 4627364
X= 7596053	Y= 4627468	X= 7594576	Y= 4627382
X= 7595956	Y= 4627493	X= 7594563	Y= 4627384
X= 7595789	Y= 4627518	X= 7594528	Y= 4627406
X= 7595751	Y= 4627455	X= 7594521	Y= 4627411
X= 7595734	Y= 4627439	X= 7594561	Y= 4627448
X= 7595705	Y= 4627421	X= 7594534	Y= 4627475
X= 7595665	Y= 4627380	X= 7594503	Y= 4627505
X= 7595644	Y= 4627357	X= 7594485	Y= 4627524
X= 7595629	Y= 4627340	X= 7594466	Y= 4627542
X= 7595624	Y= 4627327	X= 7594449	Y= 4627561
X= 7595613	Y= 4627314	X= 7594433	Y= 4627576
X= 7595490	Y= 4627225	X= 7594414	Y= 4627602
X= 7595477	Y= 4627208	X= 7594405	Y= 4627617
X= 7595477	Y= 4627200	X= 7594375	Y= 4627644
X= 7595471	Y= 4627195	X= 7594358	Y= 4627662
X= 7595464	Y= 4627191	X= 7594339	Y= 4627683
X= 7595454	Y= 4627185	X= 7594325	Y= 4627699
X= 7595414	Y= 4627188	X= 7594302	Y= 4627725
X= 7595376	Y= 4627211	X= 7594294	Y= 4627738
X= 7595344	Y= 4627227	X= 7594284	Y= 4627751
X= 7595303	Y= 4627257	X= 7594281	Y= 4627756
X= 7595292	Y= 4627263	X= 7594276	Y= 4627769
X= 7595260	Y= 4627308	X= 7594262	Y= 4627793
X= 7595245	Y= 4627334	X= 7594235	Y= 4627835
X= 7595218	Y= 4627352	X= 7594224	Y= 4627851
X= 7595205	Y= 4627349	X= 7594215	Y= 4627859
X= 7595178	Y= 4627337	X= 7594209	Y= 4627869
X= 7595167	Y= 4627333	X= 7594194	Y= 4627895
X= 7595148	Y= 4627335	X= 7594181	Y= 4627914
X= 7595127	Y= 4627343	X= 7594173	Y= 4627930
X= 7595096	Y= 4627363	X= 7594164	Y= 4627945
X= 7595071	Y= 4627377	X= 7594153	Y= 4627982
X= 7595051	Y= 4627388	X= 7594146	Y= 4628001
X= 7595012	Y= 4627413	X= 7594141	Y= 4628017
X= 7594994	Y= 4627412	X= 7594137	Y= 4628036
X= 7594915	Y= 4627405	X= 7594134	Y= 4628060
X= 7594853	Y= 4627401	X= 7594134	Y= 4628072
X= 7594816	Y= 4627403	X= 7594132	Y= 4628081
X= 7594707	Y= 4627412	X= 7594103	Y= 4628064

X=	7594086	Y=	4628050	X=	7594338	Y=	4627682
X=	7594060	Y=	4628004	X=	7594357	Y=	4627660
X=	7594010	Y=	4627923	X=	7594373	Y=	4627643
X=	7593946	Y=	4627833	X=	7594403	Y=	4627616
X=	7593885	Y=	4627799	X=	7594412	Y=	4627601
X=	7593882	Y=	4627794	X=	7594432	Y=	4627575
X=	7593795	Y=	4627762	X=	7594447	Y=	4627559
X=	7593758	Y=	4627759	X=	7594465	Y=	4627540
X=	7593752	Y=	4627727	X=	7594484	Y=	4627523
X=	7593754	Y=	4627727	X=	7594502	Y=	4627504
X=	7593760	Y=	4627757	X=	7594533	Y=	4627473
X=	7593795	Y=	4627760	X=	7594558	Y=	4627448
X=	7593884	Y=	4627792	X=	7594518	Y=	4627411
X=	7593887	Y=	4627798	X=	7594526	Y=	4627404
X=	7593948	Y=	4627831	X=	7594563	Y=	4627382
X=	7594011	Y=	4627922	X=	7594575	Y=	4627380
X=	7594062	Y=	4628003	X=	7594613	Y=	4627361
X=	7594088	Y=	4628049	X=	7594652	Y=	4627415
X=	7594105	Y=	4628062	X=	7594707	Y=	4627410
X=	7594131	Y=	4628078	X=	7594816	Y=	4627401
X=	7594132	Y=	4628072	X=	7594853	Y=	4627399
X=	7594132	Y=	4628060	X=	7594915	Y=	4627403
X=	7594135	Y=	4628036	X=	7594995	Y=	4627410
X=	7594139	Y=	4628017	X=	7595011	Y=	4627411
X=	7594144	Y=	4628000	X=	7595050	Y=	4627386
X=	7594151	Y=	4627981	X=	7595070	Y=	4627375
X=	7594162	Y=	4627945	X=	7595095	Y=	4627362
X=	7594171	Y=	4627929	X=	7595126	Y=	4627341
X=	7594179	Y=	4627913	X=	7595148	Y=	4627333
X=	7594192	Y=	4627894	X=	7595168	Y=	4627331
X=	7594208	Y=	4627868	X=	7595179	Y=	4627335
X=	7594214	Y=	4627858	X=	7595206	Y=	4627348
X=	7594222	Y=	4627850	X=	7595217	Y=	4627350
X=	7594234	Y=	4627834	X=	7595244	Y=	4627333
X=	7594260	Y=	4627791	X=	7595258	Y=	4627307
X=	7594274	Y=	4627768	X=	7595290	Y=	4627262
X=	7594280	Y=	4627755	X=	7595302	Y=	4627255
X=	7594282	Y=	4627750	X=	7595343	Y=	4627226
X=	7594292	Y=	4627737	X=	7595375	Y=	4627209
X=	7594301	Y=	4627724	X=	7595413	Y=	4627186
X=	7594323	Y=	4627698	X=	7595454	Y=	4627183

X=	7595465	Y=	4627189	X=	7596061	Y=	4627461
X=	7595473	Y=	4627193	X=	7596058	Y=	4627437
X=	7595479	Y=	4627199	X=	7596095	Y=	4627400
X=	7595479	Y=	4627208	X=	7596204	Y=	4627345
X=	7595492	Y=	4627223	X=	7596354	Y=	4627271
X=	7595614	Y=	4627312	X=	7596395	Y=	4627194
X=	7595625	Y=	4627326	X=	7596427	Y=	4627162
X=	7595631	Y=	4627339	X=	7596460	Y=	4627133
X=	7595646	Y=	4627356	X=	7596657	Y=	4627026
X=	7595666	Y=	4627379	X=	7596898	Y=	4626909
X=	7595706	Y=	4627420	X=	7597023	Y=	4626899
X=	7595735	Y=	4627437	X=	7597058	Y=	4626880
X=	7595753	Y=	4627453	X=	7597098	Y=	4626806
X=	7595790	Y=	4627516	X=	7597639	Y=	4626556
X=	7595956	Y=	4627491	X=	7597651	Y=	4626558
X=	7596052	Y=	4627466	X=	7597773	Y=	4626515

Почетната точка е дефинирана со следниве координати: X=7.597.907,84 и Y=4.626.432.73, додека крајната е X = 7593753.199 Y = 4627727.015

2. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА

За предметната траса нема изготвувано претходна урбанистичка документација.

Согласно издадените Услови за планирање на просторот од Агенцијата за планирање на просторот на дел од опфатот постојат претходно издаадени Услови за планирање на просторот и тоа:

Услови за планирање на просторот заизградба на површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 79/3, КП 79/4, КП154, КП 153, КП 152/3, КП 452/41, КП 154/4 и КП 154/2 КО Криви Дол, Општина Штип со тех.бр. У25621 и

Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) со моќност до 8 MM/ на дел од КП 2672, дел од КП 26/1, КП 23, КП 25, КО Три Чешми-вон гр. и дел од КП 4/1 КО Чардаклија, Општина Штип со тех.бр. У35721.

Во непосредна близина на планскиот опфат има издадено:

Услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички проект за слободна економска зона локалитет три чешми, Општина Штип со тех.бр. 00207.

- Услови за планирање на просторот за изработка на ГУП на град Штип со тех.бр. У04013.

Предметната траса се сече со линиска инфраструктура за која што има издадено:

Услови за планирање на просторот за изработка на проект за инфраструктура за изградба на автопат на делница (граничен премин со Република Бугарија-Црна Скала), Делчево-Виница-Кочани-Штип-Велес. Со тех.бр. У33510.

Услови за планирање на просторот Проект за инфраструктура за изградба на магистрален гасовод за делница 1: Клечковце-Штип-Кавадарци со тех. бр.20911.

Услови за планирање на просторот за изработка на проект за инфраструктура за реконструкција на далекувод ТС Овче Поле-ТС Штип со тех бр. УО7113.

Услови за планирање на просторот за изработка на проект за инфраструктура за изградба на инфраструктурни објекти (водовод, фекална и атмосферска канализација) надвор од ТИРЗ Штип со тех.бр. У16814.

Услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички проект за изградба на 400kV интерконективен далекувод ТС Штип-Македонско Српска граница со тех.бр. 33908.

ПРОЕКТНАТА ПРОГРАМА од инвеститорот и УСЛОВИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН **ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА СРЕДНОНАПОНСКИ 10(20)Kv КАБЕЛ КО ЧАРДАКЛИЈА, КО ТРИ ЧЕШМИ –ВОН ГРАД, КО КРИВИ ДОЛ И КО САРЧИЕВО -ОПШТИНА ШТИП**, Издадени од Агенцијата за планирање на просторот, со тех.бр. У08922 од мај 2022год.. и Решение издадено од Министерството за животна средина и просторно планирање, со арх бр. 15-927/22 од 17.05.2022г. претставуваат основа за изготвување на **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА СРЕДНОНАПОНСКИ 10(20)Kv КАБЕЛ КО ЧАРДАКЛИЈА, КО ТРИ ЧЕШМИ - ВОН ГРАД, КО КРИВИ ДОЛ И КО САРЧИЕВО -ОПШТИНА ШТИП.**

При изработка на Урбанистичкиот проект за инфраструктура, треба да се земат во предвид горенаведените забелешки и следните поединечни заклучни согледувања:

2.1 Услови за планирање на просторот

Основа за изготвување на **УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА СРЕДНОНАПОНСКИ 10(20)Kv КАБЕЛ КО ЧАРДАКЛИЈА, КО ТРИ ЧЕШМИ - ВОН ГРАД, КО КРИВИ ДОЛ И КО САРЧИЕВО -ОПШТИНА ШТИП** се **УСЛОВИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ** за поставување на среднонапонски 10 (20) КУ кабел, КО Чардаклија,КО Три Чешми – вон гр., КО Криви дол и КО Сарчиево,ОПШТИНА ШТИП, КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Издадени од Агенцијата за планирање на просторот со Тех. бр. У08922 во мај 2022:

Условите за планирање на просторот се наменети за поставување на среднонапонски 10(20)kV кабел, КО Чардаклија, КО Три Чешми, КО Криви Дол и КО Сарчиево - Општина Штип. Должината на предметната траса изнесува околу 5,39 km должината за која што се издаваат услови за планирање на просторот изнесува 4,84 km.

Останатиот дел од трасата поминува низ Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 79/3, КП 79/4, КП154, КП 153, КП 152/3, КП 452/41, КП 154/4 и КП 154/2 КО Криви Дол, Општина Штип со тех.бр. У25621 и Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) со моќност до 8 MM/ на дел од КП 2672, дел од КП 26/1, КП 23, КП 25, КО Три Чешми-вон гр. и дел од КП 4/1 КО Чардаклија, Општина Штип со тех.бр. У35721.

Во непосредна близина на планскиот опфат има издадено:

„Услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички проект за слободна економска зона локалитет три чешми, Општина Штип со тех.бр. У00207.

„Услови за планирање на просторот за изработка на ГУП на град Штип со тех.бр.04013

Предметната траса се сече со линиска инфраструктура за која што има издадено:

„Услови за планирање на просторот за изработка на проект за инфраструктура за изградба на автопат на делница (граничен премин со Република Бугарија- Црна Скала), Делчево-Виница-Кочани-Штип-Велес. Со тех. бр. У33510

„Услови за планирање на просторот Проект за инфраструктура за изградба на магистрален гасовод за делница 1: Клечковце-Штип-Кавадарци со тех.бр У20911.

„Услови за планирање на просторот за изработка на проект за инфраструктура за реконструкција на далекувод ТС Овче Поле-ТС Штип со тех.бр. УО7113.

„Услови за планирање на просторот за изработка на проект за инфраструктура за изградба на инфраструктурни објекти (водовод, фекална и атмосферска канализација) надвор од ТИРЗ Штип со тех.бр. У16814.

„Услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички проект за изградба на 400КУ интерконективен далекувод ТС ЏШтип-Македонско Српска Граница со тех.бр. 33908.

Планскиот опфат навлегува во заштитната зона на карго и спортскиот аеродром Штип.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

При изработка на предметната документација треба да се земат во предвид горенаведените забелешки и следните поединечни " заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Економски основи на просторниот развој

Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на економските активности врз животната и работна средина.

Поставување на среднонапонски 10 (20) КУ кабел, КО Чардаклија, КО Три Чешми – вон град, КО Криви дол и КО Сарчиево - Општина Штип ќе овозможи подобрување на инфраструктурните услови во ова подрачје.

Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активностида се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина на проектниот опфат.

Користење и заштита на земјоделско земјиште

Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во 6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно- медитерански со 10 микрореони.

При изработка на предметната документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од |-М бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

Дел од трасата на среднонапонскиот 10 (20) КУ кабел минува низ поширокатa поширокатa заштитна зона на експлоатациони бунари „Фортуна“, „Штипско Езеро“ и „АРМ“ од каде се водоснабдува градот Штип. При реализацијата на проектот и експлоатација на кабелот да се почитува режимот на заштита во заштитните зони на бунарите дефинирани со „Правилникот за начинот на определување и одржување на заштитни зони околу изворите на вода за пиење“

За наводнување на обработливите површини во ВП „Средна и Долна Брегалница" изградени се системи за наводнување кои покриваат површина од 25.758 На. За планскиот период се предвидува во ова водостопанско подрачје да се наводнуваат вкупно 49.069 па. При изработка на документацијата да се утврди местоположбата на постоечката и планираната инфраструктура за наводнување и одводнување на обработливите површини и соодветно на тоа да се превземат мерки за нивна заштита и непречено функционирање.

Енергетика и енергетска инфраструктура

Трасата предвидена за поставување на среднонапонски 10(20)КУ кабел, во КО Чардаклија, КО Три Чешми - вон град , КО Криви дол и КО Сарчиево-Општина Штип се вкрстува со постојните преносени дапноводи: 40О0КУ Штип-Србија и 140kV Штип-Овче Поле заради што при изработка на планските решенија за изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитуваат: “Мрежните правила за пренос на електрична енергија" (Службен лист на РМ бр.303/2021 год.).

Трасата предвидена за поставување на среднонапонски 10(20)КУ кабел, во КО Чардаклија, КО Три Чешми - вон град, КО Криви дол и КО Сарчиево-Општина Штип се вкрстува со постојниот магистрален гасовод од делницата-1 Клечовци-Штип-Неготино заради што при натамошната изработка на урбанистичката и проектна планска документација треба да се почитува “Правилник за техничките услови и нормативи за безбеден транспорт на течни гасови

и јагленоводороди со магистрални нафтоводи и гасоводи и со нафтоводи и гасоводи за меѓународен транспорт". (Сл. весник на СФРЈ бр.64/73).

Градбата на мелектроводови за „приклучок на површински соларни и фотоволтаични електрани и нивното користење во електромрежата ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стаклени гасови.

Урбанизација и мрежа на населби

Реализацијата за поставување на среднонапонски 10 (20) КУ кабел, КО Чардаклија, КО Три Чешми - вон град, КО Криви дол и КО Сарчиево-Општина Штип, ќе предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

Изградбата на водот ќе обезбеди поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Р. Северна Македонија.

Домување

Иницијативата за поставување на среднонапонски 10 (20) КУ кабел, КО Чардаклија, КО Три Чешми - вон град, КО Криви дол и КО Сарчиево-Општина Штип, е во функција на обезбедување поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Р. Северна Македонија, со што се овозможува квалитативно и квантитативно подигнување на комуналната опременост на станот како негова основна клетка.

Јавни функции

Иницијативата за поставување на среднонапонски 10 (20) КУ кабеп, КО Чардаклија, КО Три Чешми - вон град, КО Криви дол и КО Сарчиево-Општина Штип, е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции (локации со намена образование, култура, здравство и спорт и рекреација), што значи дека се исклучени можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Индустрија

Со плански и организиран начин на ширење на инфра и супраструктурата и создавањето на други погодни услови за локација на производни капацитети во просторот околу општинските

центри и во поширокиот рурален простор, се обезбедуваат основи врз кои може да се очекува остварување на просторната " разместеност на индустријата, преку моделот на концентрираната дисперзија.

Поставувањето на среднонапонски 10 (20) КУ кабел, КО Чардаклија, КО Три Чешми - вон град, КО Криви дол и КО Сарчиево-Општина Штип ќе биде во функција на унапредување на енергетскиот сектор.

Сообраќајна инфраструктура

Според Просторниот план на Република Македонија автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

А3 - (Крстосница Требениште-врска со А-2-крстосница Подмоље-Охрид-Косел-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Штип-Кочани-Делчево-граница со Бугарија-граничен премин Рамна Нива), делница Битола-крстосница Кукуречани-граница со Грција-граничен премин Меџитлија-делница Косел-врска со А-3-Охрид-граница со Албанија-граничен премин Јрубаништа;

А4 - (Граница со Косово-ГП Блаце-крстосница Стенковец-обиколница Скопје-Петровец - Миладиновци - Свети Николе - Штип - Радовиш -Струмица-гр. Со Бугарија-ГП Ново Село).

Релевантен регионален патен правец за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија, влегува во групата на регионални патишта "РЧ"и е со ознака:

Р1204 - (Куманово-врска со А2-Свети Николе-Овче Поле-врска со А3-Кадрифаково-Штип-Софилари-врска со А4)

При планирање да се почитува Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/14, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).

Предметната локација се наоѓа во заштитната зона на карго аеродромот и спортскиот аеродром Штип.

При изработка на планската документација, од аспект на безебедноста на воздушниот сообраќај, да се почитува заштитната зона на аеродромот, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

Трасата предвидена за поставување на среднонапонски 10(20)kV кабел, КОЧардаклија, КО Три Чешми - вон град, КО Криви дол и КО Сарчиево-Општина Штип нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.

Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животна средина

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при поставувањето на среднонапонски 10 (20) КУ кабел, КО Чардаклија, КО Три Чешми - вон град, КО Криви дол и КО Сарчиево-Општина Штип, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.

Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените активности, покривање на околниот терен со вегетација и оградувања на нагибите.

Озеленување на површините во непосредна близина на трасата (со автохтони видови), со цел да се добие разновиден и богат пејзаж во една просторно - естетска и функционална целина.

Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.

Помошните и пратечките градежни објекти (магацински објекти за материјали, алати и гориво, и други помошни објекти), кои ќе се користат во фазата на изградба, треба да бидат лоцирани на поголеми растојанија од коритата на водотеците и површините под шуми, квалитетни земјоделски површини, населени места и заштитено и предложено за заштита природно наследство.

Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.

Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Заштита на природно наследство

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка за поставување на среднонапонски 10 (20) КУ кабел, КО Чардаклија, КО Три Чешми - вон град,

КО Криви дол и КО Сарчиево-Општина Штип, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

„Доколку при изработката на предметната документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство

Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија на подрачјето на катастарските општини Чардаклија, Три Чешми, Криво Дол и Сарчиево има регистрирани и евидентирани недвижни споменици на културата и археолошкилокалитети.

При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.

